**ТУНЏЕР ЏУЏЕНОУЛУ**

# МАТРУШКА
# ( ЉУБОВТА ВО ИСТАНБУЛ Е ПОДРУГА )

# MATRUŞKA
## (İstanbul'da Aşk Başkadır)

Љубовна Комедија

(Црна Комедија)

Во два чина

**Tuncer Cücenoğlu**
cucenoglutuncer@gmail.com
www.tuncercucenoglu.com

**Превод: Ердоан Максут / Erdoğan Maksut**

erdoanmaksut@yahoo.com

**ЛИЦА:**

**ЖЕНА** : 30 годишна. Привлечна. Атрактивна.

**МАЖ** : 45 годишен. Со седи залистоци. Привлечен. Сценарист.

ВРЕМЕ : Денешно.

МЕСТО : Истанбул (или во било кој поголем град).

Сценографија :

На средина од сцената една мала маса. На неа еден пепелник.

Од двете страни на сцената по една столица.

На некое соодветно место музички сет.

На подот има неколку перници.

На двете страни од сцената по еден телефон.

# Прв чин

(*Тишина... Прво Жената, потоа Мажот, влегуваат внатре... И двајцата се пијани... Жената како да се подготвува за кавга. Мажот влегува внатре... Жената пали една цигара. Нестрплва е.*

*Мажот влегувајќи носи една тепсија со две чаши пијалок и нешто за грицкање. Убаво ги поставуава на масата. Во чашите сипа пијалок, седнува на една од столиците, ја крева својата чаша.*)

МАЖ : (*Пријателски*) Здраво.

ЖЕНА : (*Налутено*) Со кое лице?

МАЖ : Што се случи?

ЖЕНА : Уште што да се случи?

МАЖ : А колку убаво ни започна оваа ноќ. Вечеравме, го гледавме морето. И одеднаш сѐ се промени. Поточно, од кога се врати од тоалетот. Рече да станеме и да си одиме. Што е тоа што те загрижи?

ЖЕНА : Не знаеш?

МАЖ : Што е тоа што треба да знам?

ЖЕНА : Вчера жена ти, поради болеста на мајка ѝ, замина од градот...

МАЖ : Да... Замина...

ЖЕНА : Еден ден претходно ми спомна за ова... Ми рече да го искористиме тоа и да одиме кај тебе дома. Но во последен миг ми телефонираше и ми кажа дека ќе дошла ќерка ти. И ќерка ти сношти дојде.

МАЖ : Ми се налути што морав да се видам со ќерка ми? Но нели ми велеше дака ќе имаш разбирање за тоа? Нели од самиот почеток се договоривме за такви работи

ЖЕНА : Зборуваш глупости!

МАЖ : Зборувам глупости? Нели ми рече дека никогаш нема да си љубоморна на ќерка ми?

ЖЕНА : Јас никогаш не ѝ љубоморев на ќерка ти!

МАЖ : Па тогаш?

ЖЕНА : Сношти не дојде ќерка ти... А ти, ме измами дека ќе дојде... Ова го дознав кога заминав во тоалетот! Ѝ телефонирав на твојата свекрва! Како да сум другарка на ќерка ѝ...

МАЖ : (*Беспомошно*) Да не дојде... Утре ќе дојде... И што со тоа?

ЖЕНА : Каква потреба имаше за таква лага?

МАЖ : Не можев да дојдам кај тебе, бидејќи немав пари...

ЖЕНА : Повторно ме лажеш! Затоа што покрај тебе имаше друга жена! Се слушаа звуци од чинии и чаши! Наивно си помислив дека ќерка ти ја раскрева масата. Ме направи будала! Жената гласно се смееше!

МАЖ : Гледав телевизија и жената ја распремаше масата. Но не како што ти си мислиш, тоа беше жената од телевизирот. Сите жени нели го прават тоа?

ЖЕНА : Гласно смеејќи се, така ли?

МАЖ : Нејзиниот љубовник се соблекол и ја чекаше во креветот. Таа сакаше што поскоро да му се придружи. Што да прави жената?

ЖЕНА : Кој знае со какви глупости ја повикуваше жената! Без сомневање брзајќи ќе ги испокршела чиниите и чашите јадната!

МАЖ : Чекај малку. Треба да знаеш дека таа жена беше жената од телевизорот.

ЖЕНА : А јас ти поверував! Сите лаги ти излегоа на виделина! Признај веќе! Признај!

МАЖ : Можно ли е тоа? Не се однесувај како дете.

ЖЕНА : Сношти кога си легнав почнав да размислувам. Не можев да заспијам. Во три наутро скокнав од постелата! Сватив дека гласното смеење не беше од ќерка ти. Повторно те побарав! Не ми крена. Кој знае во колку длабок сон спиеше во прграткита на таа оросприја!
Спобудалев. Погледнав низ прозорецот! Немаше ниту едно такси.
Сакав да ти упаднам дома. Тебе и таа жена можев крволочно да ве убијам! Ќе лежев по затвори!

МАЖ : Добро што немало.

ЖЕНА : Што тоа?

МАЖ : Такси. Какви се овие луди размислувања? Една дама како да е Отело. Можно ли тоа што си го мислела? Тоа се типични реакции на тие од хороскопскиот знак на риба. Кој знае дали и Отело навистина во хороскопот бил риба? Навистина вреди да се истражи.
(*Мажот полека се приближува кон жената. Ја пружа раката за да*

*ѝ ја помилува косата. Жената брзо ја трга главата.*)

ЖЕНА : Тргни и тие гнасни раце од мене! Не сакам рака што милувала друга жена! Грозно! Ти си грозен човек!

МАЖ : Замолчи веќе.

ЖЕНА : Нема да замолчам! Простак еден!

МАЖ : Молчи ти велам. Не викај.

ЖЕНА : Ќе викам!

МАЖ : Во туѓа куќа сме. Ќе не слушнат.

ЖЕНА : Нека не слушнат! (*Почнува да вика.)*

МАЖ : (*Обидувајќи се да ѝ ја затвори устата на жената*) Ќе се посрамотиме.

ЖЕНА : Сакам сите да слушнат!

МАЖ : (*Се обидува да ја спречи*) Ако се јават во полиција? Сакаш ли утре Во сите весници да ги има нашите фотографии? Познатиот сценарист со неговата млада швалерка? Насекаде нашите фотографии. А под нив натпис: „Женетиот сценарист и

неговата

швалерка се обидуваат да си ги покријат лицата". А ако

поподнеме

во рацете на некој папарацо?

(*Мажот ѝ удира шлаканица на жената која што вика.*)

ЖЕНА : (*Збунета)* Ме удри! Ти мене ме удри! (*Ѝ поминува збунетоста и таа му удира шлаканица.)*

МАЖ : (*Од доле зема една перница и се обидува да се одбрани*) Тргни се!

ЖЕНА : (*И таа зема една перница од доле. Удирајќи.)* Значи вака сакаш? Вака!

(*И обајцата се уморуваат. Престануваат. Мажот ја остава перницата доле. Исто и жената. Седнуваат.*)

МАЖ : Можно ли е ова? До каде ни стаса врскава.

ЖЕНА : За седум месеци дојдовме до ова. Ама поради тебе! Твоите лаги! Твојата дволичност!

МАЖ : Само јас ли сум дволичен? Ти воопшто не ли си виновна?

ЖЕНА : Не! Воопшто не сум! Од самиот почеток се однесував чесно!

МАЖ : Така ли? Штом е така ајде да си ги видиме сметките! Сакаш ли?

ЖЕНА : Сакам!

МАЖ : А колку убаво ни започна.

(*Фоаје во некој театар. Жената стои, во едната рака цигара а во другата чаша со чај. Мажот влегува. Гледа наоколу. Веднаш ја забележува жената.)*

МАЖ : Добро е што дојдов во овој театар. Во секое лошо има некое добро.

Можеби. Аман колку би било убаво. Останува да стои. Мисли дека вака ќе биде подобро. Не погрешува. Да седнеше не ќе можев

да ѝ ги видам нозете. Многу убави нозе има. Како столбови ѝ се.

(*Жената го забележува мажот. Мажот набрзина го трга погледот од жената.*)

ЖЕНА: Кој е овој? Нешто ми е познат. Веднаш го тргна погледот. Или пак само тука така ме погледна.

(*Жената преправајќи се дека не се интересира за мажот, под око го подгледнува.*)

МАЖ : (*Повторно гледа кон жената.*) Се прави дека не е заинтересирана.
Ама се заинтересира. Ќе биде подобро ако се правам дека не ја забележувам. Навистина е симпатична жена. Помлада е од мене. И
тоа не малку туку повеќе. Но жените на нејзина возраст ги претпочитаат мажите на моја возраст. Впрочем еден смртник наречен Фројд живеел на овој свет. Да не заборавам оваа досетка
некаде да ја употребам.

ЖЕНА : Од каде го познавам овој човек? Или сум го видела во некој весник?
Или пак можеби на некој ТВ програм. Секако некаде сум го видела.
Сигурно некаде сум го видела. Не ме лаже шестото чуло. Или пак
грешам? Господе боже сигурно го познавам човеков.

МАЖ : Само да не ме забележи дека страсно ја гледам. Жените не ги сакаат
таквите погледи. Да не бидам прост. Подобро е да се претставам
само како допадлив маж.

ЖЕНА : Многу симптичен човек. Навистина многу симпатичен. Па и не е многу низок. Како и да е, од мене е повисок. И не ме гледа како плен.

МАЖ : Не треба да ја гледам како плен. Да бидам внимателен.

ЖЕНА : Плус тоа косата не му е фарбана. Човекот е токму на своите години.

МАЖ : Треба да се запознаам со неа...

(*Се слуша силен звук на гонг. Но вообичаен звук на гонг...*)

МАЖ : (*Кон жената*) Колку чуден звук, нели?

ЖЕНА : (*Со допадлив изглед*) Што е чудно?

МАЖ : Звукот на гонгот. Ќе излажам ако речам дека не се уплашив. А вие не се уплашивте?

ЖЕНА : Не би рекла такво нешто.

МАЖ : Не би сакал погрешно да ме разберете.

ЖЕНА : Повелете.

МАЖ : Порано некаде дали сме се сретнале?

ЖЕНА : И јас истото го помислив. Како предходно...

МАЖ : И јас го имам истото чувство. Но тоа не ме збуни. Мислам дека помеѓу нас има некаква електрична енергија.

ЖЕНА : Во еден миг се почуствував како трафостаница. Не се воодушевувам од електриката. Со откривањето на електриката сосема замре романтиката. На пример светлото од свеќата.

МАЖ : Штом е така ги повлекувам моите зборови. Не сакам да ви биде нелагодно.

ЖЕНА : Нема проблем.

(*Обидувајќи се да не бидат приметени, се подгледнуваат. Штом ќе им се сретнат погледите насмевнувајќи се гледаат пред себе.)*

МАЖ : Да не молчиме.

ЖЕНА : Не е добро што прекинавме да зборуваме.

МАЖ : Треба нешто паметно да смислам за да разговараме.

ЖЕНА : Знам дека сака да зборуваме. Но не зборува. Можеби чека јас да прозборам.

(По *втор пат се слуша звукот на гонгот.*)

МАЖ : Овој пат не се исплашив.

ЖЕНА : Како и да е човек се привикнува.

МАЖ : Сеуште се мислам каде предходно ве имам видено .

ЖЕНА : И јас.

МАЖ : Претставата изгледа била комедија.

ЖЕНА : Така пишува. Вие не ги сакате комедиите?.

МАЖ : Не не правам разлика. Бидејќи морам сите да ги гледам.

ЖЕНА : Критичар ли сте?

МАЖ : Не дај боже! Така ли ви изгледам?

ЖЕНА : Да. Повеќе ми изгледате на некој што нешто пишува.

МАЖ : Јас...

ЖЕНА : Ве молам оставете јас да погодам. Дали сте писател?

МАЖ : Дали сакате да одите во кино?

ЖЕНА : Најповеќе нешто што сакам се две нешта, киното и театарот.

(*Мажот со голема радост ја отвара својата ташна. Вади една книга, ѝ ја подава. Жената ја зема.*)

ЖЕНА : (*Го чита насловот)* „Не ја губи надежта од зората“.

МАЖ : Сте го гедале ли овој филм?

ЖЕНА : Како да не сум го гледала? Филмот кој беше шест пати наградуван.

Го гледав во едно кино на спротивниот крај од градот.

МАЖ : Мислам дека сте добра публика. За да гледате филм одите дури на

другата страна од градот.

ЖЕНА : Не, јас таму живеам. Не разбрав што ви е врската со овој филм.

МАЖ : Завртете ја книгата од задната страна.

ЖЕНА : (*Ја завртува и гледа*) Аааа, ова сте вие. Вие сте сценарист. Вие сте сценарист на сите филмови што ми се допаѓаат. „Ќе ги погребаме нашите покојни“ ; „Сонцето секогаш ќе изгрева“ ; „Споени раце“ овој филм не сум го гледала. Љубовен ли е?

МАЖ : (*Длабоко воздивнува*) Го напишав како пример за солидарноста на работничката класа... Снимен е но не се прикажува. Затоа што го

забранија.

ЖЕНА : Значи беше со социјална содржина.

МАЖ : Не ми се допаѓа таква квалификација.

ЖЕНА : Можеби еден ден ќе го гледаме.

МАЖ : Не можете да го гледате бидејќи го запалиле. Сите копии ги уништиле. Дури и спојувањето на работничките раце е вина. Ако ми

дозволите би сакал да ви ја потпишам книгата.

ЖЕНА : Не, не, сакам да ја купам од книжарница.

МАЖ : Моите книги не ќе можете да ги најдете во книжарниците.

ЖЕНА : Ах колку е тоа убаво. Голема среќа е да се биде писател на продавани книги.

МАЖ : Воопшто немав среќа такво нешто да доживеам... Штом го забранија

филмот, издавачот од страв ги повлече сите мои книги.

ЖЕНА : Колку книги имавте?

МАЖ : *(Размислувајќи)* Три.

ЖЕНА : Срам да му е на издавачот.

МАЖ : Го заплашувале. Му се заканувале.

ЖЕНА : Не требал да се плаши. Еден издавач не треба да се плаши.

МАЖ : И јас така му реков. Овој страв не ти личи, му реков. Со страв се стасува ли некаде?

ЖЕНА : Не се стасува никаде. Да не се испечатеа дури и радикалните книги,

ќе дојдеше ли човештвото до овој век? Ќе го поминевме ли средниот

век?

МАЖ : И јас истото му го кажав. Но издавачот не размислува како нас. Ми рече, ако продолжи да ги продава моите книги, и сите други книги да ги продаде не ќе може доволно да заработи за казната што му се заканува и самиот ги тргна моите книги. Можеби беше во право. Ќе ми го кажете вашето име?

ЖЕНА : (*Од ташната вади една визит картичка и му ја подава.*) Повелете.

МАЖ : (*Ја зема)* Ви благодарам. (*Мажот нешто пишува. Потпишува. Ја подава книгата.)*

ЖЕНА : *(Ја зема, чита со чувство*) Среќен сум што се запознавме, му благодарам на звукот од гонгот што не запозна, што не зближи нас

двајца. Со Љубов. (*Како да е возбудена*) Многу. Многу ви благодарам.

МАЖ : Нема на што. Би сакал дами дадете шанса и другите книги да ви ги

потпишам. Вашата картичка?

ЖЕНА : Ми ја враќате? Таа е за вас.

МАЖ : (*И самиот вади една картичка.)* Повелете ова е мојата.

ЖЕНА : (*Ја зема)* Ви благодарам. (*Чита)* Вие во КАР - ПЛАСТИК ли работите?

МАЖ : Тоа што заработувам за живот од друго место мене ми дава слобода. Го пишувам тоа што го сакам. Никој не може да ме натера да пишувам за тоа што не сакам. Тоа е мојата добивка. Пишувам за тоа што сакам но и книгите ми ги забрануваат. За мене тоа е придизвик.

ЖЕНА : Зарем не е подбро да се каже дека тоа е за вас тешко искушение? Тоа им личи на сите писатели. Тагата ви прилега.

МАЖ : Благодарам. (*Погледнува на картата што ја има во рака)* Овде ви се само телефонските броеви од работа.

ЖЕНА : (*Како да не слушнала*) Ако сакате да влеземе.

МАЖ : Би било добро. Повелете.

(*Како да влегуваат во гледалиштето*.)

МАЖ : Може ли да ви го видам бројот на местото? (*Погледнува на картата*

*од жената. Погледнува на својата карта*) Аааа, каква случајност?

Еден до друг ќе ја гледаме шретставата.

ЖЕНА : Навистина?

МАЖ : Да. Видете.

ЖЕНА : Исто како во турските филмови.

МАЖ : Да исто. Но убава случајност.

ЖЕНА : Така е.

(*Прво жената, потоа мажот, седнуваат. Молк...*)

МАЖ : Ние заедно голем пат поминавме.

ЖЕНА : Не ве разбрав. Каков пат?

МАЖ : Ова. Велам во смисла на пријателството. Подоста пат поминавме.

ЖЕНА : Да. Да.

(*Молк...)*

МАЖ : Леле Боже. Колку привлечна жена. Ова е голема шанса. Уште малку па како да сме гушнати. Како гулабчиња.

ЖЕНА : Треба да се воздржам од непотребни зборувања. Да не помисли дека сум некоја алапача.

(*Жената го вади едниот чевел со другата нога. Мажот тоа го Приметува. Некако чуден станува.)*

МАЖ : Не знае дека ножните прсти мене ме возбудуваат. Господе Боже има прекрасни прстиња.

ЖЕНА : (*Заабележува дека мажот ја гледа во ногата*) Многу грозна работа направив. Не требаше пред него да го извадам чевелот. Како можев нешто такво да направам? И тоа пред маж со кој што за прв пат се запознав? (*Кон мажот*) Се извинувам. Додека одев чевелот ме удираше.

МАЖ : Не, не воопшто не ми пречи. Напротив. Зошто би ми пречело? Новите чевли секогаш ги удираат стапалата.

ЖЕНА : Ода каде сватиивте дека се нови?

МАЖ : Јасно е. Сегледа дека се нови. Ве молам нека не ви е незгодно. Ве молам извадете го и другиот. Секогаш можете пред мене да ги вадите чевлите.

ЖЕНА : Ви благодарам.

(*По трет пат се слуша звукот на гонгот. Овој пат потивко, и како од далеку. Светлата се гасат. Просторот се осветлува повторно. Мажот и жената почнуваат да аплаудираат.*)

МАЖ : Дали ви се допадна претставата?

ЖЕНА : Многу ми се допадна. А вам?

МАЖ : Можам да речам дека и мене ми се допадна. Како и да е, сите се потрудиле. Треба да им се честита дури и на пчелите кои не прават мед.

ЖЕНА : Но аплаудиравте.

МАЖ : Седевме во првиот ред. Актерите, инсистирајќи не гледаа за да аплаудираме. (*Зачекоруваат неколку чекори.)*

МАЖ : Дали може да ве испратам до дома?

ЖЕНА : Живеам многу далеку.

МАЖ : Нема проблем. Со кола сум.

ЖЕНА : Ќе ме радува ако ме отфрлите до пристаништето. Заврши ли?

МАЖ : Што тоа?

ЖЕНА : Нашето запознавање?

МАЖ : Заврши.

ЖЕНА : Требаше уште на самото наше запознавање да сватам каков човек си.

Сѐ што започна, започна со прикривање, ама очиве слепи, ушиве глуви како да ми беа. Тебе те гледав онака како што сакав да те видам. Всушност и ме лажеше и многу нешто ми прикри. На пример не ми кажа дека си женет. Не ми наговести дека имаш ќерка.

МАЖ : Зар очекуваше кога се запознавме да ти кажам дека сум женет и дека имам ќерка? Плус тоа колку ќе беше соодветно такво нешто за жената која што ми се допадна? И не реков дека не сум женет. (*кон гледачите*) Кажете дали реков? Но како и да е, ти кога отиде дома дозна дека сум женет .

ЖЕНА : Од каде да дознаам? Гатачка ли сум?

МАЖ : Гледаш и ти лажеш. Нели ти ја потпишав книгата?

ЖЕНА : Каква врска има книгата?

МАЖ : На последната страна од книгата не ли ја прочита мојата биографија?

ЖЕНА : Биографија полна со наслови на филмови кои се повторуваат. За воља на вистината кога ме ловеше употреби разно разни итроштини. Не звукот од гонгот, не требеало да се поздрават и пчелите што не рават мед. Целата ме шашардиса.

МАЖ : (*Ја покажува задднината на книгата)* Прочитај овде. Читај на глас за секој да чуе.

ЖЕНА : Оженет. Има една ќерка. И што со тоа?

МАЖ : Како поинаку можев да ти кажам? Можев ли да си го пресечам патот со новозапознатата жена, плус тоа жена која ми се допадна, ако ѝ кажев за мојата брачна состојба? Не, не на ниту една жена не можам нешто такво да ѝ сторам. Односите помеѓу жена и маж треба да се нежни. Не се кажува сè, како гром од ведро небо.

ЖЕНА : Повторно ти си во право нели?

МАЖ : Несомнено сум во право. Сè си има свое место. Секој јунак на различен начин пие јогурт. Како можеше да очекуваш од мене такво нешто а сеуште не бевме дојдени до моментот да се договориме за следната средба? Па и ако веднаш си кажеме сè, што ќе ни остане за зборување подоцна? Никој да не очекува дека јас ќе си поставам пречки за со тебе повторно да се видам. Јас сум внимателен човек и внимателно тоа ти ги покажав. Јас не мислам така, но дали јас сум виновен ако ти тоа не си го приметила?

ЖЕНА : И да сум го приметила пак ништо немаше да се промени. Нели уметниците најчесто се женат и се разведуваат?

МАЖ : Не ги обвинувај толку уметниците. Можеби некои уметници не успеале да си го организираат брачниот живот. Можат да кажат дека сè си има друго место. Не можам ли јас да бидам од ретките уметници кои ја постигнале рамнотежета? Ме разбра ли душо?

ЖЕНА : Немој ти мене душо.

МАЖ : Во ред душо, нема да те викам душо. Имаш ли нешто друго да кажеш во врска со нашето прво запознавање?

ЖЕНА : Целта на доаѓањето во театарот каде професијата и работата се прават со љубов, ти, прикажувајќи се дека тешко можеш да дадеш оценка, имаше скриена цел, не беше ли тоа припрема да ми кажеш дека си писател? Не, не се обидувај ништо да ми објасуваш. Размисли малку дека сум во право и ќе разбереш. Всушност и нема потреба да размислиш. Вистинската причина да дојдеш на оваа претстава беше тоа дека жена ти тој ден чистела генералка, нели подоцна ми објасни дека не си сакал да се моткаш околу нејзе? Во нашата седум месечна врска, нешто најпозитивно што научив од тебе е тоа дека и јас научив тоа што ти до тогаш мислеше дека е само твоја одлика, да можеш да ги проценуваш луѓето. Додека мене ме проценуваш се гордееш. Но ти криејќи се себе, си неуспешен.

МАЖ : Трикот со недавањето на твојот домашен телефон е непобитен факт.

ЖЕНА : Мислиш ли дека имаше потреба да го дадам домашниот телефон на Некоја неодредена личност која тукушто ја запознав?

МАЖ : Зар јас сум некој неодреден?

ЖЕНА : Тогаш таков беше. Ама сега си многу одредена личнност.

МАЖ : (*Се навредува*) Колку што разбирам тебе не ти е мило од оваа игра. Ако сакаш да прекинеме.

ЖЕНА : Напротив. Многу ми се допадна. Да продолжиме.

МАЖ : Каде застанавме?

ЖЕНА : Реков, ќе ми биде мило ако ме префрлите до пристаништето.

МАЖ : Не, има нешто предходно. Ти замина позади сцена кај актерот што те поканил на претставата.

ЖЕНА : Каква потреба има тој дел да го играме? Губиме време.

МАЖ : Не, не. Да го играме.

ЖЕНА : Јас сакам да одам позади сцена и да им честитам на актерите. Ќе дојдете ли со мене?

МАЖ : Ви благодарам. Поарно е тука да почекам. Ионака доволно аплаудирав. Ме разбирате ли?

ЖЕНА : Разбирам. (*Прави како да оди позади сцена.*)

МАЖ : Брзо се врати. Малку фалеше да ми се фрлиш во прегратка како да сум ти спасител. Тој актер што те поканил на претставата, те поканил да одите и испиете неколку пијалоци за да му ги кажеш твоите согледувања за претставата. А ти божем си го одбила.

ЖЕНА : Поточно ќе е ако кажеш дека љубезно го одбив. Никако неможев со него да излезам.

МАЖ : Затоа што мене ме запозна нели? (*Сигурен*) Веднаш сватив дека ти се допаѓам.

ЖЕНА : Не, не беше само поради тоа. Човекот имаше фарбана коса. И на вратот му висеше еден медаљон како потковица. Јас не сакам ништо

што не е природно.

МАЖ : Но сепак му остави подотворена врата и не се либи да му кажеш: можеби друг пат.

ЖЕНА : Тогаш ќе му речев, не ја фарбај косата и да го извадиш тој медаљон. Но ако речам дека ти не си очекувал такво нешто да речам ќе биде лага...

МАЖ : Пред мои очи го одби. Не можам да речам дека ми се допадна и го разбрав тоа што него го одби поради мене.

ЖЕНА : Косата не ти беше фарбана и не ти висеше медаљон околу вратот.

МАЖ : Но јас тоа не можев да го знам. Тешка ситуација доживеав. Го одби предлогот на еден човек.

ЖЕНА : Лажго. На првата наша средба ова на друг начин ми го објасни.

МАЖ : Како?

ЖЕНА : Тогаш сите ќе видат. Ти навистина си...

МАЖ : (*Се вади*) Но јас не паметам вчера што сум јадел. Ме растажува тоа што и мојата слаба меморија ја прикажуваш како доказ дека сум лажливец.

ЖЕНА : Ај доста, обидувајќи се да докажуваш повеќе пропаѓаш. Потоа со

твојот автомобил дојдовме до пристаништето. Ви благодарам.

МАЖ : Јас ви благодарам. Ова беше запознавање како на филм. Не би сакал

да ти кажам довидување но....

ЖЕНА : Ве молам кажете.

МАЖ : Да не ја расипуваме маѓијата. Можам да ве однесам до дома.

ЖЕНА : Но многу далеку живеам. Вие каде живеете?

МАЖ : Во овој дел на градот.

ЖЕНА : Не, не. Не сакам да се мачите.

МАЖ : Но во друга прилика секако.

ЖЕНА : Се надевам.

МАЖ : Во наши реце е тоа да го оствариме. Не сме деца и двајцата. (*Неприметно погледнува на часовникот.*)

ЖЕНА : Секако. (*Нервозно*)

Го погледна часовникот! Но јас пак наивно си помислив дека културно го правиш тоа за да не го пропуштам бродот!

Простете да не го пропуштам бродот.

МАЖ : Секако. (*Ја подава раката. Со двете раце ја зема подадената рака на жената*) Што поскоро да се видиме, може ли?

ЖЕНА : Може.

(*Жената колку и да не сака, се оддалечува. Се врти и му мафта со рака. Мажот ја крева раката на која му е часовникот и мафта. Воедно гледа на часовникот и прави таговен израз на лицето.)*

МАЖ : Се качи на бродот. Останав сам како осамено дрво. Од бродот ти гледаше кон мене. Повторно ми мавна со раката. Кога ја слушнав сирената на бродот, внатре во мене како да се прекерши нешто. Запознав личност која со години ја чекав и бев принуден од неа да се разделам. Стоев така како осамено дрво додека бродот не се изгуби од видикот .

ЖЕНА : Одкако го купив жетонот и почнав да се движам кон бродот нозеве како да не сакаа да се движат. Иако дуваше ладен ветер јас сепак останав на отворениот дел од бродот. Во далечината ти стоеше како некој бог. Не сакав да си одам дома. Ти не личеше на другите мажи. Помислата дека ти се допаѓам и твоето самоуверено однесување ми даде чувство на мир во душата. Штом се изгуби од видикот седнав на една столица и веднаш ја извадив книгата. Прво ја погледнав

твојата фотографија. Тоа беше фотографија од пред десетина

години. Беше помлад. Погледот ти беше како да гледаш нешто

во

далечина. Но сега си многу поубав. Годините на твоето лице му

дале

поинакво значение. Боже мој, колку сум имала среќа. Да се

запознам

со човек како тебе.

МАЖ : Не ја кажуваш вистината. Нели за сѐ отворено ќе зборувавме.

ЖЕНА : Отворено зборувам.

МАЖ : Сеуште не кажа што си помисли кога ја прочита мојата биографија

во која пишува дека сум женет.

ЖЕНА : Да прочитав. Се збунив. Дури и се натажив. Веднаш си помислив,

бидејќи си уметнник, тоа може да ми донесе некои изненадувања.

Всушност можеше да бидеш и разведен.

МАЖ : Пред малку зборувавме за тоа. Да прејдеме кон тоа што се случи

кога

стаса дома.

ЖЕНА : Фактот дека беше женет не дека не ми ја стегна душата. Но не беше

ниту безнадежно. Кога стасав дома, татко ми повторно беше

пред

телевизорот. Мајка ми вокујната, ги миеше садовите. Веднаш си

отидов во мојата соба. Сестра ми од моите постапки веднаш

примети дека сум среќна и дојде до мене. Ме праша за

причината,

но јас, како поадекватно нешто, ѝ реков дека гледав убава

претстава.Веднаш почнав да ја читам книгата. Навистина филмот го имав гледано но сепак почнав да го читам сценариото. На крајот, после долги години си го најдов човекот што го барав. Во градов, можеби триесет години чекав да се појави пред мене човек како тебе. Ме мачеа спротивставени чувства, поминав бурна ноќ. А ти?

МАЖ : Еве, си реков, и покрај сите невозможни услови се појави една жена со која би можел да го поминам остатокот од мојот живот. Не смеам да ја уништам оваа можност. Оваа шанса треба добро да ја искористам. Годините ми поминуваат. Продуктивноста ми се намалува. Бидејќи во животов веќе немам возбуда, оваа врска ќе ми овозможи возбуда. Треба да се потрудам за да се покажам пред неа. Треба да создадам сексуални фантазии. Треба да ме засака. Да се заљуби во мене. Кога ќе ѝ речам дојди да дојде, кога ќе ѝ речам оди си, да си отиде. Мојот брак во оваа наша убава врска да не биде причина за недоразбирања. Да ме слуша, да биде разбрана. Да ми пружи заштита во моите стравови и грижи, како една мајка.

ЖЕНА : Како една мајка, а? Ах овие мажи цел живот бараат жена која ќе им биде како мајка... Кога дојде дома што правеше?

МАЖ : Смеејќи се влегов дома. Бидејќи не јадев ништо, за да не се здебалам
само си грицнав нешто. Се испружив на постелата. Многу бев среќен. За цело време ти ми беше во мислите.

ЖЕНА : Нели отворено сè ќе ми раскажеше?

МАЖ : Има убави нозе. А тек усните.

ЖЕНА : Повторно некои работи криеш.

МАЖ : Не, не кријам. Но понатаму нема да раскажувам оти е малку повеќе
„срамно“. Ако сакаш да прејдеме на следното утро.

ЖЕНА : Да прејдеме. Ајде прејди си на твојата работа. И јас ќе си прејдам на мојата работа.

(*Божемски преоѓаат на своите работни места. И двајцата покрај телефоните.*)

ЖЕНА : Не треба јас да го побарам. Тој треба мене да ме побара.

МАЖ : Треба да ја спречам нејзината помисла дека веднаш сакам да ја легнам. На треба да ја побарам.

ЖЕНА : Како и да е ќе ме побара. Бидејќи му се допаднав. Треба да почекам
тој да ме побара.

МАЖ : Го прочитала сценариото.
Го прочите нели?

ЖЕНА : Го прочитав. И тоа неколку пати.

МАЖ : Значи треба да ме побара. Ајде побарај ме.

ЖЕНА : Но тој е маж, тој треба да ме побара. Не треба јас да го побарам.

МАЖ : Чека јас да ја побарам. Изгледа дека нема да ме побара.

ЖЕНА : Кај и да е ќе ми заврши работното време. Ајде побрај ме.

МАЖ : Ќе ми заврши работното време. А таа не ме побара. Може ќе ме побара. Да почекам уште малку. Ако ме побара ќе речам сум ги заоборавил списанијата па се вратив.

ЖЕНА : Да почекам уште малку. Ако ме побара ќе речам дека сум на излегување но си ја средував ташната.

МАЖ : По сè изгледа денес нема да ме побара. Да си заминам веќе. Ако треба од надвор ќе ја барам. (Излегува.)

ЖЕНА : Не можам повеќе да чекам. Веќе треба да си заминам.

ЖЕНА : (*Само што ќе си заминеше телефонот зазвонува. Со возуда ја крава слушалката)* Ало. На излегување бев, само што ја земав ташната за да си заминам. Ах вие ли сте господине Рамиз? Ќе ја заклучевте врата од зградата? Добро што ме побаравте инаку ќе останев заклучена внатре. Еве веднаш излегувам. (*излегува набрзина)* Колку би било убаво сега него да го видам пред мене...

(*следното утро мажот влегува внатре…*)

МАЖ : Господине Салих донеси ми го кафето. Кој знае дали го доби? Многу ќе се изненади. Могу ќе ѝ се допадне. Жените се воодушевуваат од вакви гестови.

ЖЕНА : (*Жената влегува со една саксија во раката*) Колку внимателен човек. (*Го мириса цвеќето)* Ова и се очекуваше од еден уметник.

МАЖ : Денес е втор ден. Скоро е пладне. Не ме побара.

ЖЕНА : Денес со сигирност ќе ме побара. Да не се одалечувам од телефонот.

Дај боже да нема муштерии кога ќе ме побара.

МАЖ : Или пак не отишла на работа. Ако е така не можела да ја прими саксијата што ѝ ја пратив. Или пак не ѝ ја предале. (*врти на телефонот)* Ало... Да јас сум. Ја пративте ли? Дали ѝ ја предале на рака? Сигурни ли сте дека беше таа? На врата а? Само што влегувала внатре. Во ред. Благодарам. (*ја спушта слушалката*) Штом е така зошто не ме бара? Или пак се предомислила, па не сака да биде со мене штом дознала дека сум женет. Можеби згрешив што ѝ ја дадов книгата?Не, не, правилно постапив.Бидејќи ваквите постаки ги спречуваат жените потоа да негодуваат .

ЖЕНА : Ќе го побарам, ќе му се зблагодарам. Впрочем и неговото сценарио

ќе ми послужи како оправдување.

МАЖ : Би можел да ја прашам како ѝ се допдна сценариото. Ептен бајата финта. Треба друг повод да измислам.

ЖЕНА : Кај и да е ќе се стемни. Веќе треба да ме побара. Ајде.

МАЖ : Велите дека првиот напад треба да дојде од мажот? Точно така. Боже како можам тоа да го заборавам покрај толкугодишно искуство? (*Бира на телефонот.)*

ЖЕНА : Но и мојата постапка е многу лоша. (*Почнува да бира на телефонот*) Ако ништо друго треба да му се заблагодарам.

МАЖ : Дава сигнал дека е зафатено. Сигурно таа ме бара.

ЖЕНА : Изгледа тој ме бара. Веднаш затварам.

МАЖ : (*Повторно бара*) А ако рече да се најдеме? Па што едно два саата

некаде ќе си седнеме. Што ќе речам дома? Оправдувањата демек сум на состаноци мојана баш и не ги прифаќа.

ЖЕНА : (*Ѕвони телефонот. Се јавува)* Ало... Ало...

МАЖ : Мили боже таа е! (Ја спушта слушалката.)

ЖЕНА : Безсомнение тој беше. Но зошто ми спушти? Ајде побрај ме и не ми спуштај.

(*Мажот ја дига слушалката од телефонот кој ѕвони, мислејќи дека жената го бара.*)

МАЖ : Ало. Јас. А ти ли си? Нема да задоцнам. Штом заврши состанокот,

веднаш доаѓам. Шурата ли? Јуфки? Едно кило. Добро. Нема да заборавам. Нема да се задржам. Во ред. Ајде пријатно.

(*Ја спушта слушалката.*)

ЖЕНА : Ајде побарај ме веќе.

МАЖ : Да не ја барам. Да издржам уште малку.

ЖЕНА : Не се премислувај. Побарај ме веќе.

МАЖ : *(Повторно ја бара.)* Ало.

ЖЕНА : (*Ја подигнува слушалката од телефонот кој што ѕвони)* Ало. Не разбрав, со кого зборувам?

МАЖ : На крајот на краиштата успеав да ве добијам. Сакав да ве прашам дали го прочитавте сценариото.

ЖЕНА : Можно ли е да не го прочитам? Многу ми се допадна. Осебено за тоа што ми го пративте... многу ви благодарам. Многу сте внимателен.

МАЖ : Нема на што. Тоа го направив за да имате спомен од мене.

ЖЕНА : Добро сте направиле

МАЖ : Би сакал да се сретнеме и да позборуваме околу сценариото, да ги слушнам вашите импресии.

ЖЕНА : Веднаш да ви кажам дека многу ми се допадна.

МАЖ : Да не зборуваме по телефон за ова. Да седнеме некој ден на пијачка.

ЖЕНА : Така ќе биде поубаво нели? Не сакам недоречености. На пример Зошто денес да не биде?

МАЖ : Добро е што на мојана ѝ реков дека ќе дојдам после состанокот. Да ја искористиме ова шанса.

ЖЕНА : Ало. Ало. Не можам да ве слушнам.

МАЖ : Ало. Ало. Ме слушате ли?

ЖЕНА : Не ве слушам... Ало, ало.

МАЖ : А што ќе биде со јуфките?

ЖЕНА : Што рековте? Какви јуфки? Или непто грешно слушнав?

МАЖ : Јуфки ли? Лелеее. Ова. Чуствителен сум како јуфките. Ова, да се биде чуствителен како јуфките е многу лоша работа.

ЖЕНА : Но сите уметници се чуствителни како јуфки. Ако не сте чуствителни зарем сето тоа ќе го напишевте?

МАЖ : Сосема точно. Ова, да ве земам после работа.

ЖЕНА : Убаво би било.

МАЖ : Едно два саата ќе си седнеме некаде.

ЖЕНА : Ве чекам.

МАЖ : Те бакнувам.

ЖЕНА : И јас.

(*Ги спуштаат слушалките. Мажот и жената набрзина се*

*подсредуваат. Мажот е готов. Жената продолжува да се парфимира.*)

МАЖ : Доста е, доста е. Побрзај.

ЖЕНА : Но кога се се сретнавме ми рече дека ти се допадна парфемот.

МАЖ : Но ќе задоцнам дома. Што поскоро да се најдеме. Купив јуфки во супермакетот од спротива, а штом тебе те видов пред влезот на твојата работа цел свет беше мој. Седнавме во еден бар. Поточно се стиснавме еден во друг.

(*Во раката еден пакет со јуфки. Стојат на шанк во еден бар. Си возвраќаат насмевки. Мажот ги поздравува тие што ги познава.)*

МАЖ : (*Со гест)* Две...

(*Божем им дошле пијачките и ги земаат во раце.*)

МАЖ : (*Најљубезно*) Здраво.

ЖЕНА : Здраво. Многу ми се допадна овој збор. Колку е убав и искрен.

МАЖ : Ми се допадна тоа дека вам ви се допадна зборот Здраво. Многу е гужва овде нели?

ЖЕНА : Да многу е гужва.

МАЖ : Овие барови се такви. Затоа ви предложив да одиме покрај морето но вие одбивте. Зошто?

ЖЕНА : Не сакам така да седам во автомобил. Не се чуствувам лагодно. Имам чуство како да сум некоја ефтина.

МАЖ : Мора да има некаква причина за тоа?

ЖЕНА : (*кон гледачите*) Покрај брегот, додека бевме во автомобилот на еден

човек, тој ми се нафрли. Многу ми беше непријатно. Не би сакала

повторно такво нешто. Да не сум безобразна? (*Кон мажот)* Не знам. Не ми е згодно така, но зошто да не, некој ден?

МАЖ : Како ги поминавте деновите одкако се запознавме?

ЖЕНА : Дома, работа, дома, работа. Понекогаш телевизија. А вие?

МАЖ : И јас исто така. Амо разликата е во гледањето на талевизиските програми. Ги гледам само вестите. Понекогаш се обидувам да погледнам некој филм што не сум го гледал. Мене тоа ми е како кутија со глупости. Мислевте ли на мене?

ЖЕНА : Можно ли е да не помислам? За цело време мислев на вас. А вие?

МАЖ : Јас се обидов да не мислам. Но не успеав. Секој миг бевте покрај мене.

ЖЕНА : Одговор кој ви прилега. Тоа вам ви прилега.

МАЖ : И тагата им прилега на уметниците. Но јас не се сметам за писател.

ЖЕНА : Можно ли е тоа? Вие сте вистински писател. Ликовите толку ви беа

реални. Тамошниот татко беше ист како мојот татко. Сте го напишале како многу добро да сте го познавале.

МАЖ : Благодарам. Тоа е само еден генерализиран тип на татко. Во нашава држава татаковците си личат еден на друг. И другите татковци си

личат еден на друг. Татаковци на мафијата душо.

ЖЕНА : Многу сте мил.

(*Кон гледачите)* Тоа е стилот на уметниците, сакаат да бидат допадливи.

Ми влијаеше како роман да е. Три пати го прочитав.

МАЖ : Три пати?

ЖЕНА : Да, три пати. За да ја сватам поодлабоката порака. Ништо не прескокнав.

МАЖ : Ви благодрам. Ве напнав.

ЖЕНА : Напротив. Многу ми е мило. Може ли да ве прашам нешто?

МАЖ : Секако.

ЖЕНА : Но, да не ме разберете погрешно. Ветувате?

МАЖ : Ветувам.

ЖЕНА : Зошто после претставата не ме прашавте дали можеме да седнеме на пијачка?

МАЖ : Ова. (*Се мисли*) Не ги сакам толку избрзаните нешта. Плус тоа заедништвото треба да е одраз на некаков труд.

ЖЕНА : Пред малку беше исплашен дека ќе добиеш корпа! Гледаш како сам се фати во стапица.

МАЖ : Несомнено дека и тоа беше една причина.

ЖЕНА : Иако со внимание го гедав пакетот кој го држеше покрај себе ти не ми објасни што е тоа. Но, ти беше во право. Никако не можеше да ми кажеш дека тоа е пакет јуфки за кои жена ти те обврзала да

ги

купиш.

МАЖ : Ако вака оп-троп ми се уфрлуваш, не ќе можам нормално да раскажувам.

ЖЕНА : Во ред, во ред. Дали присуствувате на снимањето на вашите сценарија?

МАЖ : Не. Јас сакам да го видам филмот кога е готов.

ЖЕНА : Ете пак те фатив во лага. Криеш дека те избркале од снимање.

МАЖ : Тоа немаше да остави добар впечаток. (*Повторно игра*) Ионака режисерите не ме вклучуваат во процесот. Јас сум ја завршил својата работа со предавањето на сценариото.

ЖЕНА : Мислите ли дека е тоа добро нешто? Тоа што не се вмешувате?

МАЖ : И добро и лошо. Како што вели маестро Шекспир? Доброто е лошо, и лошото е добро.

ЖЕНА : Многу убава срочено.

МАЖ : Никој не може туку така да стане Шекспир.

ЖЕНА : (*Приметувајќи дека за цело време се поздравува*) Познавате многу луѓе.

МАЖ : Работа. Професија. Познаства. Потреба. Сакам повеќе да дознаам за вас. Ќе ми кажете нешто за себе?

ЖЕНА : Работев во една лабараторија. Минатата година отворив мал дуќан. Собирам стари работи. Работи кои се вредни во историска смисла. Предмети за подарок. Значи антика.

МАЖ : Не можете од уметнонста да се одделите.

ЖЕНА : Така е. Живеам заедно со татко ми и мајка ми. Имам и една сестра. Деновиве повторно се врати кај нас.

МАЖ : Каде беше? Беше замината некаде?

ЖЕНА : Беше мажена, се разведе.

МАЖ : Зошто се разведе?

ЖЕНА : Не можеа да се разберат. Човек не треба да продолжи со некоја

врска каде што нема разбарање.

МАЖ : Се надевам нема деца.

ЖЕНА : Нема. Но сепак тоа немаше да влијае.

МАЖ : Може ли да не влијае? Кога има дете помеѓу. Немаме право другите да ги разтажуваме за нас да ни биде убаво. Ако не е некултурно, можам ли нешто да ве прашам?

ЖЕНА : Прашајте.

МАЖ : Што правите во слободно време?

ЖЕНА : Кога го затварам дуќанот одам дома, се повлекувам во мојата соба а слушањето музика и читањето ме ралаксираат . Исто така сакам да гледам талевизија. Ако има некој добар филм или театарска претстава одам да ги гледам. А во неделигте обавезно.

МАЖ : Сами ли одите? Немате ли некој „пријател“?

ЖЕНА : Немам. Понекогаш одиме заедно со мојата другарка.

МАЖ : Воопшто ли немавте „пријател“?

ЖЕНА : Пред три години бев верена. Две години бевме верени. Но ја расипавме веридбата.

МАЖ : Зошто се разделивте?

ЖЕНА : Не се разделивме. Го напуштив. Затоа што не ми беше верен. Лагата

и неверството не ги простувам. Не знаеше да ме цени. Всушност мажите се такви. Штом освојат некоја, не се воздржуваат да побараат друга. Дури и стан изнајмивме. Си купивме и мебел. Кај

и да е ќе се венчавме. Но тој си одбра да ми биде неверен. И си ја

доби казната.

МАЖ : Луѓето можат да погрешат. Не мораше од игла локомотива да правите.

ЖЕНА : (*Нервозно*) Тоа не треба да се оправдува! Значи требаше да не обрнувам внимание за тоа дека ми е неверен?

МАЖ : Не, не значи, не сакав тоа да го речам. Секако дека треба да си добие казна. Во целост ве подржувам.

ЖЕНА : Ги фатив кога излегуваа од станот што го изнајмивме. Точно кога ја заклучуваа вратата. Па му била колешка од работа, па сакала да го види мебелот. Мислеше дека ќе ме прелаже но се излажа.

МАЖ : Можеби и не било неверство.

ЖЕНА : Беше. Да отидев малку порано во постеле ќе ги фатев. И двајцта се шокираа кога ме видоа пред нив. Почнаа да пелтечат. Могу ѝ се допаднал мебелот, па нека ни било со среќа. Верувам ли во тие глупости? Вакви нешта јас не можам да прифатам. Тој што мисли да биде со мене не смее вака да се однесува кон мене.

МАЖ : Во потполност ве разбирам.

ЖЕНА : После тоа се бев запознала со уште двајца. Но веднаш разбрав каква намера имаа и двајцата. Имаа единствена цел, што побрзо

да ме однесат во постела. И со нив набрзина се разделив и си донесов одлука со никој повеќе да не бидам. Сè додедака не ве сретнав вас.

МАЖ : Ви благодарам. Но како можете да бидете сигурни дека јас нема да посакам да имам секс со вас? Вие сте привлечна жена. Мажите би сакале да бидат со вас. Нема потреба тоа да се негира. Грев ли е ако почуствувам таква желба?

ЖЕНА : Зошто да биде грев? И сексот е една потреба. Но тоа, наврат на нос во автомобил, па бакнување на несоодветни места. Тоа не се нешта што јас ги дозволувам. Тоа не е мој стил. Ако треба да се случи такво нешто тоа треба само по себе да се случи. Така ли е?

МАЖ : Така е. (*Кон гледачите*) Ми го затвара патот. Нема ли да ја биде работава? Но да не ја губиме надежта. Господе боже пак ги извади чевлите. Да се обидам да не гледам.

ЖЕНА : Да не претерав? Изгледа си помисли дека ништо нама да се случи. Погледнете, лицето му пребледе. (*Кон мажот)* Затоа што тие беа прости. Не беа вредни за внимание.

МАЖ : Секако треба да има рамнотежа.

ЖЕНА : И секако сè си има свое место и време. Нели?

МАЖ : (*Кон гледачите)* Тоа место и време ќе треба да ми го објасни. (*На жената*) Местото и времето што може да биде по вас? Значи, една година, еден месец, една недела, или?

ЖЕНА : Не ли е потребно најпрво двајцата да се запознаат?

МАЖ : Секако. Но сексот нели е една важна работа за подобро да се запознаат? Па и времето е ралативно нешто.

ЖЕНА : Ве молам јас сакам да кажам. Теорија на релативитетот. Чекајте, чекајте. Ова. Ајнштајн... Да, да. Ајнштајн.

МАЖ : Браво, браво. Сега повеќе ми се допаѓате.

ЖЕНА : Ви благодарам. И јас би сакала повеќе за вас да дознаам.

МАЖ : Кажувањето за мене не беше во сцената од барот. Ја плативме сметката и излеговме. Со мојата кола дојдовме до брегот.

ЖЕНА : Заборави да го земеш пакетот со јуфките. Не го земате пакетот?

МАЖ : Оваа сцена не беше таму. Јас го бев заборавил пакетот со јуфки и

дома жена ми убаво ме изриба. Многу убаво се сеќавам. Ајде да дојдеме на брагот покрај морето.

(*Жената како да седнала на брегот, ги извадила чавлите и нозете*

*ги испружила кон морето. Мажот е покрај нејзе. Многу романтична глетка.)*

МАЖ : Знаете јас работам во една фирма за пластика. Тоа ми овозможува и

да заработувам добра пара и воедно да можам да пишувам.

ЖЕНА : Дали сте среќни?

МАЖ : Мислеше за мојот брак. Но ќе се однесувам како погрешно да сум разбрал. Дали сум среќен? Не знам. Секако ќе бидам среќен ако мислите за моето пишување .

ЖЕНА : Не, јас ве прашав за вашиот приватен живот.

МАЖ : (*Се мисли*) Ако ви поставам едно прашање „Ако сум среќен, што мајка барам тука?“ Дали тоа ќе го сметате за доволен одговор?

ЖЕНА : Ако не сте среќни зошто ја продолжувате вашата несреќа? Направете го тоа што е потребно за да бидете среќни.

МАЖ : Лесно е да се рече да направам нешто. Имам ќерка. Детето е пречка.

ЖЕНА : Колкава е?

МАЖ : Еее... Дваесет...

ЖЕНА : Не е баш мала. Што учи?

МАЖ : Годинава ќе го заврши факултетот. Но жена ми не работи.

ЖЕНА : Воопшто ли не работела?

МАЖ : Минатата година ја остави работата.

ЖЕНА : Зошто ја остави?

МАЖ : Па и не си ја сакаше работата. Се посвети на кујната за да ни ја поправи ситуацијата.

ЖЕНА : Ќе најде друга работа. А тоа не причина да се биде несреќен.

МАЖ : Секако дека не е. Штом искрено зборуваме за сè, тогаш треба да се каже. Шурата ми е шеф на мафија. Тој членува во една организација која има свои правила што нам не ни одговараат.

ЖЕНА : И тоа ти беше лага, обичен рекетар го прикажа како шеф на мафија.

МАЖ : Не ја расипувај играта. Да продолжиме од таму кај што застанавме.

ЖЕНА : Добро, добро. (*Повторно почнува со играта)* Па што со тоа?

МАЖ : Како што со тоа? Ако се разведам од неговата сестра тој ќе ме убие.

Се плашам дека тоа нема да биде шега.

ЖЕНА : Порано се случило нешто слично?

МАЖ : Еднаш ѝ удрив шлаканица на сетра му. Ми ги истури сите 32 заби.

ЖЕНА : Вештачки ли ви се забите?

МАЖ : За среќа ми останаа неколку. И затоа имам фиксна протеза. Да не зборуваме за ова. За нас да зборуваме. Веќе сум во години. Чуствувам дека годините ми поминуваат. Сакам да го запрам

тоа

лошо чуство. Мораш тоа да го сопреш во најкраток период.

(*кон гледачите*) Барањето помош од жена е еден начин да ја

освоиш.

(*приметувајќи дека тоа влијае на жената)* Во секој поглед ќе

треба

да ми помогнете.

ЖЕНА : Во секој поглед ќе ви помогнам. Секако треба да пишувате. Треба без прекин да пишувате.

МАЖ : (*Се обидува да ја бакне*) Ќе пишувам. Ќе пишувам за нашата

врска.

Нашата врска ќе ја преточам во неверојатна серија. Прекрасен парфем.

ЖЕНА : Немој. Ќе не види некој.

МАЖ : Кој може да не види? Спроти нас се островите. Пред нас е морето. Ве посакувам. Ве посакувам.

ЖЕНА : Немојте тука. Престанете. Овде не е адекватно место.

Престанете.

МАЖ : *(Неприметно погледнува на часовникот*) Јуфки. Да не задоцнам.

(*се*

*свестува)* Не можев да се воздржам. Ви се извинувам. Треба да

почекаме до крајот на неделата (викендот).

ЖЕНА : Дали е искрен? Треба да проверам. Но ако јас сега ве посакувам?

МАЖ : Опааа. Во овој час не е можно да го земам станот од братучед ми. Ако знам дека е дома можеби и би отишле таму. Ако телефонирам ќе дознаам. Ама и шурата ќе дојде. Овој пат жена ми нема да ми прости. *(Кон жената)* Зошто да брзаме? Ќе се најдеме викендов. Ќе одиме некаде каде што ќе бидеме сами. Ние двајца сами, некое место каде нема да има непотребни фаци од кенлери. Сакам средбата да биде возбудлива.

ЖЕНА : Така ми кажа. Но не ми ја кажа вистинската причина, дека немаше на располагање некој стан. Ти навистина си еден лажго.

МАЖ : Но не заборавај дека љубовта се храни со мали лаги. Тоа го прочитав во една книга. Или пак малите лаги ја хранат љубовта, така некако беше.

ЖЕНА : Се гледа дека убаво си се нахранил. Да ја продолжиме играта.

МАЖ : *(Божем влегува на работа.)* Уште два дена има до нашата средба. Но, требаше да ги предвидам сите нешта. (*бира на телефонот)* Ало. Ало. Како си братучед?

ГЛАС : Добар сум. Одамна не си ме побарал. Изгледа ти застана работата.

МАЖ : (*Удира три пати.)* Не, не, добро е. Пред некој ден во театарот се запознав со една. Нема потреба да ја видиш. Прекрасна е.

ГЛАС : Аирлија нека е. Клучот ли?

МАЖ : Сакам за викендов да ја однесам, па.

ГЛАС : За викендов? Леле. Ќе дојдат сестра ми со нејзните.

МАЖ : Ејјј, не збори. Не можеш да откажеш?

ГЛАС : Како да откажам? Доаѓаат оддалеку, 6 саати патуваат, сине. Дошле да ме видат. Но ако сакаш ти зборувај со сестра ми.

МАЖ : Тоа не а можно? Нема потреба да знае за вакви нешта. Со тебе ли е

сега? Немој да ме срамиш пред неа.

ГЛАС : Сине, имам ли јас сестра?

МАЖ : Така де. Не се шегувај со мене.

ГЛАС : По сè изгледа си се зацопал во жената. Нека ти е алал мојов стан.

ЖЕНА : (*Бира на телефонот)* Зафатено е. Можеби таа ме бара.

МАЖ : Здраво.

ГЛАС : Само да знеаш дека често снемува вода. Понеси си вода. И да не ми тресете пепел од цигарите на подот. Во ред?

МАЖ : Во ред. Да си жив и здрав.

ГЛАС : Тоа ми е должност сине.

МАЖ : Гледам ти никако да промениш нешто.

ГЛАС : Што да правам сине? Девојката ми е авион. Оково друга не ми забележува. Да немаш некаков предлог?

МАЖ : Ожени се. Кога ќе се ожениш тогаш ќе менуваш. (*И двајцата се смеат.*)

ГЛАС : Ајде остани ми со здравје.

МАЖ : Пријатно. (*Ја спушта слушалката.*) И ова бидна.

ЖЕНА : Треба да го побарам. И тоа треба често да го барам за да се

загрижи

кога нема да го барам. Тоа го прочитав во некој весник. Барајте го

често саканиот.Така ќе навикне дека често го барате. Но кога

одеднаш нема да го побарате ќе се шокира. Затоа што една навика

веднаш ќе му се прекине. Ова е добра тактика. Ќе го видите

резултатот од обидот. (*Бира на телефонот.*) Алоооо.

МАЖ : Здраво.

ЖЕНА : Здраво. Како сте?

МАЖ : Ви благодарам. Се радувам што ме побаравте.

ЖЕНА : Нема за што.

МАЖ : Што правите?

ЖЕНА : Се трудам да работам. А вие што правите?

МАЖ : Мислам на вас.

ЖЕНА : И јас.

МАЖ : Цела вечер се вртев во постела.

ЖЕНА : И јас.

МАЖ : Никако не можев да заспијам. Станав и се напив неколку голтки. И

тогаш ме фатила дремка.

ЖЕНА : И јас исто така.

МАЖ : Да дојде веќе утрешниот ден.

ЖЕНА : Утрешните денови секогаш доаѓаат.

МАЖ : Нека бидне веќе утре.

ЖЕНА : Исто и јас така сакам.

МАЖ : И станот е спремен. (*Кон гледачите.*) Леле ми излета од уста.

ЖЕНА : Ало, ало. Стан рече? Или нешто грешно слушнав?

МАЖ : Печатна грешка. Ова она.

ЖЕНА : Тоа е твоја задача. Ах да бидне веќе утре.

МАЖ : Утре за прв пат ќе бидеме сами. Многу сум возбуден.

ЖЕНА : И јас.

МАЖ : До видување. Те бакнувам.

ЖЕНА : И јас.

(*Ги спуштаат слушалките. И двајцата помалку се шеткаат.)*

ЖЕНА : (*Повторно бира)* Алооо...

МАЖ : Ало.

ЖЕНА : Здраво.

МАЖ : Здраво.

ЖЕНА : Што правите?

МАЖ : Мислам на вас. А вие?

ЖЕНА : И јас.

МАЖ : Можам ли да ви кажам нешто?

ЖЕНА : Кажете.

МАЖ : Може ли да ви се обраќам со „ти"?

ЖЕНА : Може.

МАЖ : Колку убаво ќе биде да ви се обраќам со „ти".

ЖЕНА : Многу убаво ќе биде.

МАЖ : Но имам едне услов. И вие ќе ми се обраќате со „ти".

ЖЕНА : Од кога го чекав ова. Ќе бидам среќна да ви се обраќам со „ти". Ти.

МАЖ : Боже мој. Ќе кажете ли уште еднаш?

ЖЕНА : Ти... Ти... Ти. Ќе кажете ли и вие?

МАЖ : Ти. Ти. Ти. Ви се допадна ли?

ЖЕНА :   Многу. Обраќај ми се со „ти“.

МАЖ :     Добро. Ќе ми се налутиш ли ако ти речам до видување?

ЖЕНА :   Зошто? Се случи нешто?

МАЖ :    Ќе треба да одам на состанок, па.

ЖЕНА :   Може. Убаво да си поминеш на состанокот.

МАЖ :     Ти благодарам. И ти убаво да си поминеш на состанокот.

ЖЕНА :   Но јас не одам на состанок.

МАЖ :     По автоматизам. Поточно сакав да кажам убаво да си поминеш на

работа. Ти посакувам добра работа. Те бакнувам.

ЖЕНА :   И јас.

(*Ги спуштаат слушалките.)*

МАЖ :   После половина час. (*Телефонот ѕвони.Со возбуда ја крева слушалката)* Алооо. Здраво. Колку е убаво да се слушне твојот глас.

Женичке ти ли си? Јуфки ли? Повторно ли шурата? Знаеш дека многу го почитувам. Секако да дојдат. Како бе тоа женичке сум рекол со пола уста? Женичке твојот брат е и мој брат. Нема да заборавам. Во ред јуфки. Те бакнувам. (*Ја спушта слушалката.)*

ЖЕНА : Кој знае дали му заврши состанокот?

МАЖ :   Денес ќе треба рано да си одам дома. Добро ќе биде така ќе си обезбедам доверба. А за утре вечер ќе треба да смислам добра причина. Уверлива причина. Каква причина? (*Размислува.)*

ЖЕНА : Ако завршил ќе ме побараше. А ако не ме побара? Но да не му ја дадеме ваквата шанса. (*Бира на телефонот.)*

МАЖ :   Се сетив. (*Бира на телефонот*) Вечера за вработените. Прекрасно.

ЖЕНА : Алоо. Кога?

МАЖ : Утревечер...

ЖЕНА : Утревечер ли? Нема да се видиме?

МАЖ : Можно ли е такво нешто? Ќе бидеме на вечера, но вечерва. И ништо нема да може да не спречи утревечер да бидеме заедно.

ЖЕНА : Ништо да не нѐ спречи. Со нетрпение те очекувам.

МАЖ : И јас. Сѐ е подготвено.

ЖЕНА : Каде ли ќе ме однесе? Нема зошто да се плашам. Сѐ предвидел. Знае дека и тој самиот ќе има последици ако нешто тргне наопаку.

МАЖ : Ме слушаш ли? Ало, ало...

ЖЕНА : Нешто шушкаше. Како да сакаше да се прекине врската. Што рече?

МАЖ : Реков дека сѐ е подготвено.

ЖЕНА : Всушност ваквите нешта мажите ги подготвуваат.

МАЖ : Во ред е, подготвено е. Ти немој да се грижиш. Ни остана само уште да се сретнеме.

ЖЕНА : Ќе биде утревечер.

МАЖ : Како не беше вечерва. Што зборувам бе јас?

ЖЕНА : Зошто да не биде?

МАЖ : Но ќе има вечера за вработените. Да бидеме трпеливи.

ЖЕНА : Така е. Трпение спасение.

МАЖ : Како што зборуваме така тресам глупости. Под итно да го прекинеме со разговоров.

ЖЕНА : Повторно неможам да те слушнам.

МАЖ : Сега ме слушаш ли?

ЖЕНА : Те слушам. Реков трпение спасение.

МАЖ : Точно така. Трпение спасение...

ЖЕНА : Утре вечер ќе бидеме спасени.

МАЖ : Ќе бидеме. Само момент. Господине Хамди? Излегувам господине Хамди.

ЖЕНА : Кој е тој годподин Хамди?

МАЖ : Нашиот помошник директор. Ме потсетува дека ќе треба да побрзаме за да одиме на вечерата. Ќе треба да излезам. Сега за сега довидување.

ЖЕНА : До видување. Цела вечер на тебе ќе мислам. По се изгледа не ќе можам да заспијам.

МАЖ : Колку добар наслов: „За нас спиењето е арам“. Ти честитам. Насловот на серијата ќе го ставам да биде „За нас спиењето е арам.“ Ти си кума на серијата.

ЖЕНА : Многу ми е мило.

МАЖ : Но сепак треба да поспиеме. Ќе треба да бидеме орни. Така е нели?

ЖЕНА : Така е.

МАЖ : Те бакнувам.

ЖЕНА : И јас.

(*Гласови од бакнежи, ги спуштаат слушалките.)*

МАЖ : Купив јуфки и трчајќи отидов дома. Шурата и неговата сопруга одамна веќе беа дојдени. Шурата веќе ги облекол моите пижами,

Како и секогаш своите алишта ги ставил на наслонот од
столицата .

Му раскажав на шурата, за жена ми да слушне, колку ми е тешка
работата и дека поради безполезнитте состаноците не можам за
себе
време да си одвојам. Дури и за време на викендот измислија
вечери
за вработените и се најдов во небрано. Потоа, „Утре вечер ќе
има
вечера за вработените“. Ние не сме ли луѓе? Не можеме ли дома
да
бидеме и малку да си позборуваме со нашите жени?" реков
сожалувајќи се самиот себе. Потоа додадов: „Да не беа децата
нема
да чекав, веднаш ќе си дадев оставка од оваа работа“.
Неочекувано
жена ми се уфрли. „Земи ме и мене“. Но јас веднаш убедливо ѝ
одговорив: „Како да те земам? Сите вработени се мажи. Во
буниште
едно цвеќе. Тие не се кавалери. Безвезни муабети. И сега јас
секој
викенд ли морам да ги слушам нивните глупости? Ѓаволот ми
вели
„оди и поднеси оставка“. Оваа реченица веднаш вроди со плод.
Жена ми „Како да не? Што ќе јадеме, што ќе пиеме? Мораш да
им

се придружиш“ ми рече. Така и утрешниот и сите останати викенди си ги осигурав а јуфките со сласт ги изедов, потоа се напив три четри чаши чај и си заспав како бебенце.

ЖЕНА : Цела вечер се превртував во постелета. Изутрината сум задремала. Сонував како на неколку мажи, не можам да се сетам на нивните лица, од устите има течеа лиги и сакаа да ме силуваат. Но ти стаса и ме спаси од нив.

МАЖ : Ти благодарам што имаш доверба во мене.

ЖЕНА : Јас имав доверба во тебе, но ти продолжи да ме лажеш. Аман боже, го гледаш ли ова?

МАЖ : (*Покажува нагоре)* Од него не барај помош. И тој е маж. Дојдов на работа.

ЖЕНА : Влегов во дуќанот. Дали е пристигнат?

МАЖ : Пристигнав, ајде барај ме.

ЖЕНА : (*Бира на телефонот)* Алооо.

МАЖ : Колку е убаво уште од наутро да ти го слушнам гласот. Душава ми се радува.

ЖЕНА : И мојата.

МАЖ : Како ти помина ноќта?

ЖЕНА : Со голема возбуда. Беше утро кога сум заспала.

МАЖ : И јас. Нема да претерам ако речем дека воопшто не заспав.

ЖЕНА : И јас.

МАЖ : Се молам денов побрзо да помине.

ЖЕНА : И јас. Да имам неколку муштерии за да ми помине времето. Во спротвно денес воопшто нема да помине времето.

МАЖ : Решавај крстозбор. Во ваквите ситуации јас секогаш решавам крстозбор.

ЖЕНА : Значи дека имаш врски со многу жени.

МАЖ : Немам, порано имав. Сега ти се единствената во мојот живот.

ЖЕНА : Само јас да ти бидам.

МАЖ : Само ти си ми. Штом излезам од работа доаѓам кај тебе.

ЖЕНА : Како и да е повторно ќе се слушнеме. Зарем до крајот на работата нема да се слушнеме?

МАЖ : Секако ќе се слушнеме. Но ако ни се прекинат телефонските врски? Поарно уште од сега да се осигураме.

ЖЕНА : Само што платив сметка за телефонот. Кај мене не може да има прекин.

МАЖ : И кај мене не може да има прекин, но за секој случај. Има ли некаков зијан од тоа што сега ќе се договориме?

ЖЕНА : Нема.

МАЖ : Јас уште малку ќе морам да прекинам. Те бакнувам и ти посакувам успешно решавање на крстозборот.

ЖЕНА : Ти благодарам. И јас те бакнувам.

(*Обострани бакнежи и ги спуштаат слушалките.)*

ЖЕНА : (*Отвара весник и почнува да решава крстозбор.*) Од лево кон десно еден. Парче земја обиколено со море. (*Размислува)* Остров. (*Пишува)* Името на познатиот американски режисер Елија. (*Се мисли. Бира на телефононт)* Алооо.

МАЖ : Ало.

ЖЕНА : Јас сум.

МАЖ : Те познав. Повели.

ЖЕНА : Името на познатиот американски режисер Елија.

МАЖ : Елија Казан.

ЖЕНА : Казан. Добро е бидна. Може уште нешто да те прашам?

МАЖ : Прашај...

ЖЕНА : Познат роман од Гогољ... Два збора...

МАЖ : Мртви души....

ЖЕНА : Ти благодарам.

МАЖ : Нема на што. Ајде те бакнувам.

ЖЕНА : И јас те бакнувам.

(*Ги спуштаат слушалките со бакнежи.*)

ЖЕНА : (*Продолжува да решава крстозборка. Бира на телефонот*) Ало. Пак јас.

МАЖ : Заповедај.

ЖЕНА : Познат роман од Виктор Иго.

МАЖ : Звонарот од Нотр Дам.

ЖЕНА : Еден збор е.

МАЖ : Клетници.

ЖЕНА : Клетници. Бидна. Уште едно нешто... Презимето на познатиот руски писател Горки?

МАЖ : Максим... Максим Горки.

ЖЕНА : Ај да те видам и ова погоди го... Позната пиесе од Антон Павливич Чехов...

МАЖ : Вишновата градина... Вујко Вања..

ЖЕНА : Еден збор...

МАЖ : Галеб!

ЖЕНА : Точно.Ти благодарам.

МАЖ : Нема на што. Те бакнувам.

ЖЕНА : И јас.

(*Бакнежи, спуштаат слушалки.*)

ЖЕНА : (*Бира на телефонот*) Ало. Ти досаѓам?

МАЖ : Какво досаѓање? Те молам. Ме усреќуваш.

ЖЕНА : Штом е така биди среќен. Прашање. Од горе надоле три. Англиски познат писател Бонд. Џејмс не го собира.

МАЖ : Џејмс Бонд е агент. Единствена сличност им е тоа што се англичани.

Едавард Бонд. Едвард.

ЖЕНА : (*Како дете се радува)* Се согласи. Каква е оваа култура?

МАЖ : Не тоа ништо. Тоа ми е работа. Ајде те бакнувам.

(*Бакнежи, ги спуштаат слушалките.*)

ЖЕНА : (*Го решила крстозборот. Бира на телефонот*) Алооо.

МАЖ : Ало. Прашај. Ајде прашај.

ЖЕНА : Заврши. Сѐ е решено. Барам нов крстозбор.

МАЖ : Ако нешто незнаеш побарај ме. Може?

ЖЕНА : Може. Ова. Ја многу се плашам.

МАЖ : Од што се плашиш?

ЖЕНА : Нема нешто наопаку да тргне, нели?

МАЖ : Што може наопаку да тргне? Јас ја средив таа работа. Кога си покрај мене нема од што да се плашиш. Биди сигурна во тоа.

ЖЕНА : Во ред.

МАЖ : Ајде те бакнувам. (*Малку е натажена)* Те бакнувам.

(*Двајцата си праќаат бакнежи и ги спуштаат слушалките.)*

МАЖ : Зошто рече дека се плаши? Да не е, да не е? Да не е невина?Ако е

така ќе изгориме како шкорче. Дај боже да не е. Не бе, кај може да е.

Била верена, па не овие години. Не, не може да е. Ајде веќе да се сретнеме.

ЖЕНА : Има уште телефонски разгвори.

МАЖ : Остај ги сега. Еден куп непотребнни разговори. Ајде да се сретнеме.

ЖЕНА : Но тогаш не збореше вака.

МАЖ : Ајде, веќе сум нестрплив.Те собрав. Стасавме пред апартманот на

братучед ми. Извесно време почекавме во автомобилот. Затоа што

една фамилија со многу деца излегуваше. И многу пати пред тоа ме

имаат видено како влегувам и излегувам со многу други жени. Малку ми беше незгодно. (*Кон жената)* Почекај малку во автомобилот. Прво јас да излезам. Малку подоцна и ти ќе дојдеш.

(*Прави движења како да оди.)*

ЖЕНА : Ама се збуни. Кој број е апартманот?

МАЖ : Втор спрат, број пет. Одејќи се разминав со тоа семејство. Се однесував нормално, не ги ни поздравив. Но старата жена примети.

„Во автомобилот некоја го чека,“ рече. И децата кои беа на седум

одумгодишна возраст, „Овој пат ептен блиску се паркирал“

дообјаснија. Мајката сакаше да го однесе детето но тоа се ослободи

од мајката и застана да го почека иходот. Како да сакаше да те

улови кога ќе влегуваш внатре. Но мајка му „Не ги гледај тие

срамотилаци“, велејќи му врза еден шамар и го одвлечка детето.

ЖЕНА : Кога поминуваа покрај мене старата жена наведнувајќи се кон

прозорецот од колата „Овој пат е некоја друга“ рече за и јас да

слушнам. А младата жена „Човекот е филмаџија. Изгледа им глуми

и така ги носи овие жени“. Си кажа и таа што мисли. Штом тие си

заминаа едно време ми дојде да ја треснам вратата и да си заминам.

Но брзо се предомислив. Трчајки влегов во влезот. Не бев стигнала

до вратата а ти ме зграби и ме внесе внатре.

МАЖ : За малку живи ќе не фатеа.

ЖЕНА : Мене ме видоа.

МАЖ : Тоа ништо не значи.

ЖЕНА : Во станов доаѓаше и со други жени?

МАЖ : Одсега натаму само со тебе ќе доаѓам, ти ветувам.

ЖЕНА : Чив е станот?

МАЖ : На братучед ми. Не грижи се. Наш човек е.

(*Фрла некоклку јастуци доле. Веќе српемил две пијачки, ѝ покажува на жената да седне доле*)

Каква музика сакаш?

ЖЕНА : Нека биде класика.

МАЖ : Класика? Во автомобилот ми остана. Мојов братучед е турбо фолк. Но сепак да погледнеме. (*Пребарува.*) Да видиме дали ќе ти се допадне? (*Се слуша романтична музика.)*

МАЖ : Дали ти се допаѓа?

ЖЕНА : Супер е.

МАЖ : Заколни се. Ако не да се симнам, од автомобилот да земам.

ЖЕНА : Навистина е супер. Аааaax. Тебе не можам да ти се налутам?

МАЖ : Исто и јас не можам да ти се лутам. Знаеш ли дека овој пеач беше и

голман? Иглесиас. Колку прекрасен глас.

ЖЕНА : Во исто време чуствителен и убав. Сите жени го обожаваат.

МАЖ : Љубоморен сум.

ЖЕНА : Освен тебе никого не обожавам. Но и ти само мене да ме обожаваш.

МАЖ : Спорно ли е тоа? Сите жени од сега нека ми се арам.

ЖЕНА : Порано не ли ти беа арам?

МАЖ : Те молам да не зборуваме за минатото. Од сега за мене почнува нов

живот.

ЖЕНА : За нас, за двајцата.

МАЖ : Да за нас двајцата. Ти за мене ќе бидеш моторна сила. Позади секој

успешен маж, стои еден маж.

ЖЕНА : (*Се смее*) Маж, ха,ха, ха, ха....?

МАЖ : Прости ми. Сакав да речам жена.

(*Како некој мачор ѝ се приближува. Ја бакнува по рамениците.)*

ЖЕНА : Секогаш вака ли почнуваш?

МАЖ : Да. Не. Тоа беше порано.

ЖЕНА : Гупава сум била. Се обвинувам сама себе бидејќи и твоите признанија не ги слушав.

*(Нервозно го вади чевелот како да ќе го фрли кон него.)*

МАЖ : Но тогаш чевелот вака не беше го извадила. (*Повторно ѝ го облака чевелот. И со нежност повторно ѝ го вади чевелот. И другиот чевел. И своите чевли ги вади и како некој пантер легнува врз жената.*) Ти ќе бидеш мојата жена позади мене.

ЖЕНА : Кажи ми пак МОЈАТА ЖЕНА.

МАЖ : МОЈАТА ЖЕНА. Ти си мојата жена. И ти кажи ми МОЈОТ ЧОВЕК.

ЖЕНА : МОЈОТ ЧОВЕК.

МАЖ : Мојата жена.

ЖЕНА : Мојот човек.

(*Затемнување. Се осветлува сцената. Мажот пуши цигара*.)

ЖЕНА : Запали ми и мене.

МАЖ : Извини. (*Пали и ја подава.*)

ЖЕНА : Ме сакаш ли?

МАЖ : Мноооогу. Многу те сакам

ЖЕНА : Како да кажуваш така ради реда. Или јас да не те разочарав нешто?

Како да си намуртен некако. Да не ми се налути што не сум невина?

МАЖ : Неее. Секако дека би сакал со мене да ти беше прв пат но сепак се

мислам дека немам право така да размислувам. Ќе станеш ти или јас да станам прв?

ЖЕНА : Затвори ги очите. Немој да ме гледаш.

МАЖ : Не сакам да се срамиш од мене.

ЖЕНА : Ќе дојде и тој ден. Но сега затвори ги очите.

(*Мажот ги затвара очите. Неприметно погледнува на часовникот.*

*Жената го јавнува. Почнува да го скокотка.*)

МАЖ : Немој. Немој. Ќе ја изгубам контролата немој.

ЖЕНА : Што уште ќе правиме?

МАЖ : (*Ја превртува и легнува врз нејзе.*) Колку е убаво што сме заедно? Ме возбудуваш. Никогаш да не заврши ова возбуда. Нема да заврши.

Еднаш неделно да се гледаме за да не ни прајде во навика. И секогаш сè да си кажуваме еден на друг. Ајде веќе да станеме.

ЖЕНА : Уште малку. Да останеме уште малку.

МАЖ : Не, не, да станеме. Не сакам дома да имам расправии. Сакаш ли да сум натажен?

ЖЕНА : Не сакам. (*Излегува од сцена.)*

МАЖ : (*По неа)* Заедно ја правиме сликата на нашата среќа. Ова беше одлично кажано. Ова ќе треба и друг пат да го користам.

ЖЕНА : *(Од зад сцена)* Би сакала вечерите да не ни се половични. Би сакала во твоите прегратки да го дочекам утрото.

МАЖ : (*Облекувајќи се*) Ќе дојде и тој ден. Види можеби ќе измислам некое

патување. Ќе ја здувнеме некаде на неколку дена. Зошто да не?

ЖЕНА : (*Влегува веќе облечена. Не едно книвче нешто пишува,*) Мојот домашен телефон. Во секое време можеш да ме побараш .

МАЖ : Ти оди прва, влези во автомобилот и почекај ме. Јас веднаш ќе дојдам. Да не нè види некој.

ЖЕНА : Не сакав да ме однесеш до пред дома. Ме остави на аголот од нашата улица.

МАЖ : Во право беше. Не сакаше да ти излезе името.

ЖЕНА : Да видиме, кога стаса дома да ли ќе ме побараше?

МАЖ : Не можев да те побарам. Тоа ќе беше убав гест, но жена ми сеуште

беше будна.

ЖЕНА : До доцна вечерта чекав. Сакав да ти го слушнам гласот и дека си стасал дома. А ако се случеше некаква сообраќајка? Не дај боже. Иако доцна сепак си го најдов тоа што го барав.

МАЖ : Изгледа дека овој пат го најдов тоа што го барам. Не дека не ми направи пречки кога се разделивме. Но тоа беше поради тоа што ѝ е

стало до мене. Ако вака продолжи ќе биде многу убаво. Ќе може да

си ги оствариме сонииштата без ништо да ни се поремети. Ми недостасуваат нејзините ножни прсти. Ех да можев едно ало да ѝ

речам. Но жена ми може жив да ме фати и тоа ќе биде мојот крај. А

можеби и татко ѝ ќе се јави. А може и веќе да заспала.

ЖЕНА : Не смеам да му покажам дека најмногу сакам кога ме бакнува по вратот. Што ли гледа во моите ножни прсти?

МАЖ : Треба да спијам. Кога не сум наспан следниот ден не сум продуктивен. Треба да заспијам. Овци да бројам. 1, 2, 3, 4, 5, 6.

ЖЕНА : Не зборувај глупости Стани веќе. Да го завршиме првиот дел.

МАЖ : Да го завршиме.

ЖЕНА : 15 минути пауза за секој да се одмори. Сигурно сите се изморени што запознаа ваков човек како тебе.

МАЖ : Во право си. Исто така не е лесно и тебе да те запознаат. Насловот на оваа претстава е Матрушка нели?

ЖЕНА : Да...

МАЖ : Манијак ли е писателот на претставава? Каква врска има со Матрушка?

ЖЕНА : По сè изгледа си заборавил. Во вториот дел сите ќе видат каква врска има.. Ајде стани. Треба да се заблагодариме на гледачите што не гледаа без да им биде досадно. Но пред да се спушти завесата треба да се случи некаков шок. Знаеш ли што се случи денес? Ти бев неверна со друг маж. Затоа што тоа го заслужи. Ти си ја заслужи казната.

(*Мажот се збунува како мало дете на кого му ја одземаат играчката, трча по жената која излегува од сцената.*)

МАЖ :   Чекај малку. Чекај малку.

## **ВТОР ЧИН**

ЖЕНА : (*Доаѓа жената облечена во бањарка.*) Се туширав. Си дојдов на себе. Одличив да се разделам од него. Но треба да најдам некоја добра причина за да го убедам. Всушност ќе треба сè отворено да му кажам за да не ме обвинува мене. Или сосема со мене, или без мене.

МАЖ : (*Влегува*) Вистина ли е тоа што го кажа?

ЖЕНА : Јас никогаш не те лажев.

МАЖ : Ти ли? Ме засмејуваш. (*Со сила се смее*) Ха, Ха, ха, ха, ха.

ЖЕНА : Многу смешно.

МАЖ : Да, многу е смешно тоа што рече дека не си лажела. Мислиш дека незнам оти ме лажеше за да не бидам тажен?

ЖЕНА : Не се убедувај напразно. Затоа што кога и да те побарав до пладне не беше на работа. Не оставаше никаква порака. Неможев да поднесам да ме сметаш како да не постојам. Се сретнав со него и...

МАЖ : Кој е тој?

ЖЕНА : Нема потреба тебе да ти поднесувам извештај. Ете тој. Воопшто не е битно кој е тој. Битно беше да ти се одмаздам.

МАЖ : Ме растажуваш.

ЖЕНА : И ти мене ме растажи.

МАЖ : (*Се нервира*) Не можеш да ме изневериш!

ЖЕНА : Те изневерив.

МАЖ : Манијачка ли си? (*Ја фаќа за рака, силно)* Кажи, Манијачка ли си?

ЖЕНА : Збесна. Добро е. Пушти ми ја раката, Ме боли!

МАЖ : (*Ѝ ја пушта раката, удира клоца на една пераница.)* Лажеш!

ЖЕНА : Тажен си и мене ме усреќуваш. Ти можеш да бидеш неверен, бидејќи си маж. Јас не можам да бидам неверна, бидејќи сум жена.
И тоа како те изневерив.

МАЖ : Ако ми беше неверна нема да сакаше да се видиме. Напротив дојде.

ЖЕНА : Како инаку ќе можев да ти го соопштам тоа? Ова веќе требаше да биде наша пресметка. Повеќе не ќе можав да издражам. Неможев да си дозволам оваа врска вака да продолжи. Секогаш јас бев повредената. После нашата прва средба многу ти се гледаше и едно мое јавување.

(*Жената ја отфрла бањарката и останува во секојдневна облека.*)

ЖЕНА : Штом дојдов на работа веднаш те побарав. (*Бира на телефонот.*)

МАЖ : (*Се јавува)* Ало.
ЖЕНА : Добар ден.
МАЖ : Здраво.
ЖЕНА : Здраво. Синојќа многу се загрижив за тебе. Како стаса?
МАЖ : Улиците беа пазни. Брзо стасав.
ЖЕНА : Можеше да ми телефонираш.
МАЖ : Сакав но се уплашив да не те вознемирам. Можеби беше заспала.
ЖЕНА : Не можев да заспијам. Затоа што по улиците има пијаници.
МАЖ : Ти благодарам што мислеше на мене.
ЖЕНА : Можеме некаде да се напиеме чај после работа.
МАЖ : Ќе дошол шурата. Треба рано да си одам дома.
ЖЕНА : Ќе го убијам твојот шура.
МАЖ : Не би било лошо, ќе се спасам.
ЖЕНА : Немој никогаш да ме лажеш. Најмногу мразам лага.
МАЖ : А ако излажам за да не те повредам?
ЖЕНА : Повреди ме но не ме лажи. Ќе издражам. Неверството воошто не го
поднесувам.
МАЖ : Од каде сега овие нешта?
ЖЕНА : Ти кажувам за да си знаеш. Ти се колнам дека оваа убава врска ќе прекине.
МАЖ : Бидејќи не сакам да прекине.
ЖЕНА : Штом е така нема проблем. Бидејќи јас тебе те прифатив со сè што е твое. Имам право да се надевам на тоа.
МАЖ : Не биди дете...
ЖЕНА : Така ми рече. Но на крајот не се отргна од неверството. Сега сакам од твојата уста да слушнам. Те молам кажи ми ја вистината. Нема да ти се налутам и ќе ти простам. Доволно е што ќе ја кажеш вистината. Ми беше неверен нели? Кажи да и сè ќе заборавам. Ајде, кажи да.
МАЖ : Не.
ЖЕНА : Ме лажеш!
МАЖ : Не.
ЖЕНА : Ти плачеш?
МАЖ : (*Настрана ја врти главата)* Не.
ЖЕНА : Не ти верувам, се преправаш дека плачеш.
МАЖ : Многу ме повреди.
ЖЕНА : Те сакав.
МАЖ : Се гледавме за време на викендите. Но секој ден по кој знае колку пати ме бараше.

ЖЕНА : (*Бира на телефонот*) Здраво.
МАЖ : Здраво.
ЖЕНА : Што правиш?
МАЖ : Работам. А ти?
ЖЕНА : Мислам на тебе.
МАЖ : И јас.
ЖЕНА : Но ми рече дека работиш.
МАЖ : Значи и работам и на тебе мислам. Што друго би можел да правам?
Во спротивно не би ми дале плата. Те бакнувам.
ЖЕНА : И јас...
(*Со бакнежи ги спуштаат слушалките.*)
МАЖ : Одпрвин ми се допаѓаше тоа што толку често ме бараше. Да не се
лажам бев горд што ми кажуваше дека цело време мислиш на мене.
ЖЕНА : (*Бира на телефонот*) Ало.
(*Мажот праќа бакнеж. Жената исто со бакнеж одговара. Ги сшуштаат слушалките.*)
МАЖ : Ваквата состојба продолжи со денови со недели. Повремено и јас ја барав. Но почна да ми здосадува. Немаше смисла тоа што го правевме но не сакав да те повредам.
(*Бира на телефонот)*
ЖЕНА : Ало.
(*Мажот прави звуци од бакнежи. Жената исто така му одговвара.
Мажот, потоа жената, ги спуштаат слушалките.*)
МАЖ : Еднаш точно 17 пати ме побара.
ЖЕНА : 16!
МАЖ : 17.
ЖЕНА : Повторно ја мешаш работата со нарачките за чај.
МАЖ : Како и да е. Ме бараше во никое време. Еден ден во мојата
канцеларија имав важна средба со еден муштерија. Газдата изричито
ми наложи дека треба да ја добијам зделката.
ЖЕНА : (*Бира на телефонот*) Ало
МАЖ : Ало.
ЖЕНА : Цмок, цмок, цмок.
МАЖ : Повелете.

ЖЕНА : Какво е ова однесување?
МАЖ : Имаме состанок господине. Ве молам оставете го вашиот број подоцна јас ќе ве побарам.
ЖЕНА : Многу те сакам.
МАЖ : Ве разбирам господине. Ве молам, јас ќе ве побарам.
ЖЕНА : Што е ова со Вие, Ве молам, Господине?
МАЖ : Во ред разбрав. Мислам дека за половина час ќе ве побарам.
ЖЕНА : Не ми пракинувај!
МАЖ : Пријатно. (*Прекинува)* Се извинувам господине.
(*Жената повторно бира на телефонот.)*
МАЖ : Ми бара ненормален попуст. *(Звони телефонот)* Ало.
ЖЕНА : Во лице ми спушти!
МАЖ : Ало...Ало...
ЖЕНА : Не ми прави финти! Немој да си ми спуштил!
МАЖ : Не ве слушам. (*Прекинува. Ја остава слушалката отворена.*) да не нѐ прекинуваат повторно господине. (*Жената повторно бира на телефонот. Сваќа дека линијата е зафатена, Продолжува да бира. Мажот како божем го испраќа муштеријата. Веднаш го дофаќа телефонот, бира. Сфаќа дека е зафатена линијата и ја спушта слушалката. Сега неговиот телефон звони.*)
МАЖ : Ало.
ЖЕНА : Немој да ми прекинеш!
МАЖ : Нема да прекинам љубов моја, замина муштеријата.
ЖЕНА : Ако заминал зошто веднаш не ме побара?
МАЖ : Те барав беше зафатено. Ти се колнам.
ЖЕНА : Ти здосадив веќе. Во лице ми спушташ слушалка. Ова не можам да ти го простам.
МАЖ : Види сонце мое, имав многу важен состанок. Зошто не сакаш да ме разбереш?
ЖЕНА : Можеше да ми кажеш дека ме сакаш.
МАЖ : Пред мене имав многу важен клиент. И зборувавме за многу сериозни нешта.
ЖЕНА : Значи нашата врска не е сериозна. Точно, само за викендите се затвараме помеѓу четри ѕида. Работата е во следното, тоа мене не ми е доволно. Треба повеќе време да ми посветиш. Воопшто ли не се прашуваш дали имам некаква потреба?

МАЖ : Како не се прашувам? Секогаш прашувам. Имаш ли некаква потреба?
ЖЕНА : Имам! Имам потреба да зборувм со тебе.
МАЖ : Да зборуваме. Кажи.
ЖЕНА : Некои работи не се кажуваат по телефон. Собери ме после работа.
МАЖ : Не можам.
ЖЕНА : Но имам проблем. Треба да ме ислушаш. Едно два саата некаде да се напиеме чај и да позборуваме.
МАЖ : Ќе те соберам после работа.
(*Ја спушта слушалката. Како да се седнати на некое место.*)
МАЖ : Сонце мое пред да дојдеме рече едно два саати. Скоро три саати седиме а ти не го кауваш проблемот. Те молам не ме задржувај повеќе. Дома ќе има војна.
ЖЕНА : Нека има.
МАЖ : Нека има? Ти сакаш да бидам повреден?
ЖЕНА : Да.
МАЖ : Штом е така. Јас ќе си одам. Ајде пријатно.
ЖЕНА : (*Му го прекинува патот*) Не може да си одиш!
МАЖ : Сите не гледаат. Те молам не викај.
ЖЕНА : Ќе викам!
МАЖ : Па викај бе! Јас си одам! Доста веќе!
ЖЕНА : (*Повторно пред него. Плачејќи.*) Те молам сослушај ме.
МАЖ : (*Повторно седнува*) Те слушам. Биди кратка.
ЖЕНА : Јас. Јас. Бремена сум.
МАЖ : Што?
ЖЕНА : Ќе имаме дете.
МАЖ : Од каде знаеш?
ЖЕНА : Ми доцни. Поминаа пет дена.
МАЖ : Но. Некогаш. Може да доцни. Стрес, притисоци. Такви нешта.
ЖЕНА : (*Од ташната вади некаква хартија)* Ќе го погледнеш ова?
МАЖ : (*Чита*) Извини. Многу се извинувам. Но секогаш внимававме. Како е можно?
ЖЕНА : Не биди тажен. Очекував дека ќе речеш: штом се разведам со жена
ми, тебе ќе те венчам. (*Кон гледачите*) Ако ме сакаше така ќе ми
речеше.
МАЖ : Штом е така. Не е страшно, на самиот почеток дознавме. Познавам

една бабица.
ЖЕНА : И јас познавам. Но најважно е дека за тоа требаат многу пари.
МАЖ : Не е важно, но колку треба?
(*Погледнува на хартијата каде жената напиша. Пребледува.*)
ЖЕНА : Нема потреба ти да доаѓаш. Доволно е да ги најдеме парите.
Реков, ти стана си отиде некаде, телефонираше. Смеејќи се врати.
МАЖ : Утре во десет наутро парите ќе ги имаме. До единаесет ќе ги земам.
ЖЕНА : Те ставив во невоља. Како ќе ги вратиш тие пари?
МАЖ : Побарав од шурата. Малку по малку ќе му ги вратам.
ЖЕНА : Од шурата ли? Како можеше од него да побараш?
МАЖ : Во ваквите ситуација помеѓу мажите има солидарност. Имаше разбирање.
ЖЕНА : Гледате нели?
Но утредента кога ќе ги донесеше парите јас ќе ти ги вратев. Бидејќи...
МАЖ : Бидејќи не беше бремена. Имаше фалсификат лекарско мислење.
ЖЕНА : Од каде знаеше?
МАЖ : Сакав утредента кога ќе ти ги донесам парите јас да те однесам на доктор. Но ти сакаше да ме спречиш велејќи ми јас да не се појавувам, доволно е што ќе бидеш ти таму. Заедно излеговме и ти влезе во такси и отиде кај една гатачка. Но јас за секој случај одлучив да те следам. Од домарот дознав дека тоа е вратата на една гатачка каде што многу жени влегуваат и излегуваат. За среќа знаев за клиниката каде што ми рече дека си направила тест за бременост.
Навистина не беше тешко, по телефон дознав дека тој наод не бил твој.
ЖЕНА : Јасно е зошто тие денови беше ладен кон мене.
МАЖ : Можев ли на друг начин да се однесувам? Твоите постапки беа тешко разбирливи. Лажни наоди, гатачки, лаги.
ЖЕНА : Морав да те тестирам. Сакав да знам како ќе се однесуваш при таква

ситуација. Што се однесува до гатачката. Сакав да дознаам
каков
крај ќе имаме, толку.

МАЖ : Барем дозна ли?

ЖЕНА : Не го оставај, си го запознала виситинскиот човек. Парите што ѝ ги дадов на гатачката ги надоместив. Ќе ти објаснев кога ќе ти ги предадев парите. Треба да почекам соодветно време. Затоа што не можев да предвидам каква реакција ќе имаш. Ти купив еден подарок што мислам дека ќе ти се допадне. Честитајќи ти го роденденот сѐ ќе ти објаснев.

(*Го држи подарокот и го подсуредува. Бира на телефонот.*)

МАЖ : (*Крева)* Ало.

ЖЕНА : Ало. Како си?

МАЖ : Добро сум.

ЖЕНА : Чуден ти е гласот.

МАЖ : Но тие чудни нешта секогаш се интересни.

ЖЕНА : Денес да се видиме.

МАЖ : Како и да е утре ќе се видиме.

ЖЕНА : Собери ме.

МАЖ : Имам состанок. Само што ќе започне. И незнам кога ќе заврши.

ЖЕНА : Со тебе треба да се видам.

МАЖ : Ако зврши брзо ќе те барам. Господине Хамди кога ќе ни заврши состанокот? (*Оддалечувајќи ја слушалката*) Охооооо... Слушаш
ли
господинот Хамди вели охооооо.

ЖЕНА : Кој е тој господин Хамди?

МАЖ : Нашиот помошник директор. Мислам дека ти имам кажано. Јас ќе те барам. Ајде те бакнувам. (*Ја спушта слушалката.*)

(*Жената повторно бира на телефонот. Мажот не крева. Жената повторно бира. Мажот не крева. Мажот не може повеќе да издржи ја остава слушалкат отворена. Жената го зема
пакетот и
брзо излегува од својата работа.)*

МАЖ : Зошто ли сега пак ме бара? На секое ѕвонење на телефонот ладна пот ме облева по целото тело. Со каква работа се зафатив?
Најдобро
е денес рано да си побегнам. (*Си ги собира ситниците)*

Несватливо... Досадно. Што сака да постигне? Не можам веќе да размислувам. Тешко ми е да ги проценам случувањата.

*(Во момнентот кога сака да излезе низ вратата, влегува жената.)*

ЖЕНА : Сакаше да киднеш?

МАЖ : Ми снема цигари. Излегував да купам.

ЖЕНА : Нели имаше состанок?

МАЖ : Еден што требаше да биде присутен не дојде и го откажавме.
(*Мажот пали една цигара.)*

ЖЕНА : Нели ти немаше цигари?

МАЖ : Знаеш дека не можам ако немам резерва.

ЖЕНА : Не се прашуваш зошто дојдов кај тебе?

МАЖ : Како не се прашувам? Зошто дојде?

ЖЕНА : (*Го пружа пакетот што го криеше позади.)* Ова за тебе го купив.

МАЖ : (*Го зема пакетот*) Што има во него?

ЖЕНА : Не плаши се, нема бомба. Ако те интересира отвори го и ќе видиш.

МАЖ : (*Го отвара)* Што е ова?

ЖЕНА : Кукла Матрушка. (*Кон публиката*) И вашата љубопитност е задоволена.
(*Мажот од куклата Матрушка вади уште една. Ги вади сите Матрушки кои ќе останат на сцена до крајт на шретставата.*)

МАЖ : Колку е ова интересно.
(*Ѕвони телефонот. Мажот ја крева слушалката.)*

МАЖ : Ало.

ГЛАС : Јас сум. Вечерва кога ќе си доаѓаш купи јуфки. Две кила. Пола кило
мелено месо. Без лој да биде.

МАЖ : Во ред.

ГЛАС : Не се задржувај.

МАЖ : Во ред.

ГЛАС : Купи и чај.

МАЖ : Може.

ГЛАС : Запиша ли? Да не заборавиш. Во последно време моногу си занесен. Да слушнам што треба да купиш.

МАЖ : Нема да заборавм. Знам.

ГЛАС : Две кила јуфки. Запиши, запиши.

МАЖ : Добро.

ГЛАС : Ама ти не запишуваш. Запиши.

МАЖ : (*Запишува*) Запишав.

ГЛАС : Што запиша?

МАЖ : Две кила од тоа што рече. Во ред.

ГЛАС : Што ти реков?

МАЖ : (*Се нервивра)* Јуфки бе! За дете ли ме сметаш?

ГЛАС : (*Плачливо*) Ме повредуваш.
МАЖ : Добро. Во ред. Шеќер и зејтин.
ГЛАС : Ете си заборавил, гледаш? Чај и мелено месо. Запиша ли?
МАЖ : Запишав. Ајде пријатно. (*Ја спушта слушалката*) Господе боже!
ЖЕНА : Жена ти беше нели? Повторно ќе дојде шура ти. Треба рано дома да
си одиш. Така нели?
МАЖ : Така. Ајде да излеземе.
ЖЕНА : Нема да ме прашаш зошто ти купив матрушка? Колку си ти безчуствителен?
МАЖ : Јас сум безчуствиутелен? Ова е многу интересно. Сè помала и помала е.
ЖЕНА : Исто како и нашата врска. Како ги отвараш и се смалуваат и се растураат. (*Го бакнува*) Среќен Роден Ден.
МАЖ : Роден Ден? Мој?
ЖЕНА : Повторно лажеш. Ако ми кажеш уште дека и не си го знаеш роденденот повеќе нема ништо да ти верувам.
МАЖ : Верувај ми незнам.
(*Жената брзо си заминува.)*
МАЖ : Да бе. Денес е мојот роден ден. Колку безчуствителен сум станал.
Почекај малку!.. Почекај ме!.. (*Трча по неа. За кратко се враќа назад*) Влезе во такси и замина. Навистина многу лошо постапив.
Излегов надвор и туку така се прошетав.
ЖЕНА : Ќе одеше дома. Женичката те чекаше.
МАЖ : Не отидов дома. Потоа во ниедно доба од вечерта влегов во колата и дојдов во вашето маало. Врнеше дожд. Излегов од автомобилот.
Се пикнав под стреата на дуќанот од спроти вас. Како и да е гледав
кон апартманот во кој не гореа светлата. Незнам колку чекав.
ЖЕНА : Раскажи ми, и лага да е раскажи ми.
МАЖ : Лага ли? Како сакаш така свати. Но вака беше. Потоа мислам дека
веќе беше зора, си отидов дома.
ЖЕНА : Избила војна.
МАЖ : Напротив. Жена ми плачејќи ме чекаше. Тој на кого многу му се

лутевме, мојот шура, ги алармирал сите полициски станици, сите болници на нога ги дигнал. Не знаеја како и каде да ме седнат. Ништо не ме прашаа. Но јас, „На дождот се шетав“, само реков.

ЖЕНА : Зошто не ми ги кажа овие нешта?

МАЖ : Како можев да ги кажам? Немаше да ми веруваш. Потоа започнаа деновите без тебе. Не ме бараше.

ЖЕНА : Како можев да те барам?

МАЖ : Во тие денови сватив дека навистина сум те сакал и дека многу ми недостасуваше. Можев да ги наредам сите факти дека ти беше во право. Се бореше како лавица за да не ме загубиш. Неколку пати сакав да те побарам. (*Бира на телефонот*) Со какво лице ќе те побарав? (*Спушта*) Ако лажеше тоа беше поради мене. Зар јас не лажев? На крајот не можев да издржам. По сѐ изгледа беше после петнаест дена. (*Бира на телефонот)* Ало.

ЖЕНА : Ало.

МАЖ : Ова. Да се видиме вечер?

ЖЕНА : Не знам.

МАЖ : Многу ми недостасуваш. (*Ја спушта слушалкста*) Дојдов на работа кај тебе. Здраво.

ЖЕНА : Ти ли си?

МАЖ : Очекуваше некој друг?

ЖЕНА : Не, не очекував.

МАЖ : (*Ја фаќа за рака*) Ајде да излеземе.

ЖЕНА : Не може.

МАЖ : Но вака ме натажуваш. (*Влечејќи ја за рака ја води. Како да дошле дома)* Добро дојде.
(*Го вклучува касетофонот. Романтично светло.*)

ЖЕНА : Не сакам повторно да започнам.

МАЖ : Не ти недостасував?

ЖЕНА : Не сакам да навлегувам во таа тема.

МАЖ : Но ти мене многу ми недостасуваш.

ЖЕНА : Толку беше искрено. (*Го прегрнува*) И ти мене. И ти мене ми

недостасуваше.

МАЖ : Животот без тебе бил како една празна тегла. Многу ми недостасуваше.

ЖЕНА : И ти мене. Кажи ми МОЈА ЖЕНА.

МАЖ : МОЈА ЖЕНА...

ЖЕНА : МОЈ ЧОВЕК. Крени ме на раце.
(*Мажот и ја бакнува и сака да ја крене на раце жената.*)

МАЖ : (*Прави еден чекор и веднаш со офкање внимавајќи да не ѝ ги згази нозете на жената се превиткува.)* Оооооф, ааааххх!

ЖЕНА : Што се случи?

МАЖ : Не знам. Нешто ме штрецна од левата страна. Ногата. Или половината. Оооф!.. Ааааx!..

ЖЕНА : Да викнеме доктор.

МАЖ : Не, не. Кого да викнеме во овој саат?

ЖЕНА : Но имаш болки. Неможем да те гледам таков. Тука во близина имав
видено некоја клиника. Боже како ли се викаше?

МАЖ : Да прилегнам малку. Можеби ќе помине. Ааааx!

ЖЕНА : Јас сум виновна. Не требаше да барам такво нешто од тебе.

МАЖ : Не се обвинувај. Така требало да биде љубов моја.

ЖЕНА : Порано ти се има случено вакво нешто?

МАЖ : Не знам... Како не... Еднаш кревајќи еден шпорет исто ми се случи...
вака исто. Ааааx!

ЖЕНА : Како ли побарав вакво нешто од тебе? Но требаше да ми речеш не можам да те носам на раце.

МАЖ : Сакаш да ти кажам дека сум остарел? Ааааx! Не сакам да ме жалиш! Ааааx!

ЖЕНА : Не можам да те игнорирам.

МАЖ : А што ќе правам утре? Како ќе одам на работа?

ЖЕНА : Види на што мислиш. Нема да одиш.

МАЖ : Но за договорите е потребен мојот потпис. Ааааx!

ЖЕНА : Нема да ги потпишеш.

МАЖ : Уште без работа да останам ваков сакат? Ааааx! Треба да пробам да станам. (*Со помош на жената станува. Ептен мачејќи се)* Аааx! Оооф! Најдобро е да излеземе и да си одиме. Ааааx! Само да можам да отидам до дома. Ааааx!

ЖЕНА : Остани овде. Ќе одам до аптека и ќе ти земам накоја маст. До сабајле ќе се грижам за тебе. Како на кутре ќе ти помине. Ќе си

одиш на работа исправен како порано.

МАЖ : Што да кажам дома? Аааах! Не може.

ЖЕНА : Ќе ја кажеш вистината. Сакам да те лекувам.

МАЖ : Е одеднаш, жена ми, ќерка ми, шурата, жена му, и неговите другари мафијаши ќе ни се закачат на вратот. Аааах! Мислиш ли дека ќе не остават на мира? Ааааах! Ајде да одиме. Ти раскрени тука. (*Се потпира на столицата. Жената го исклучува касетофонот. Мажот со помош на жената покажува голем напор да се исправи. Станува. Офкајќи одејќи излегуваат.*)

МАЖ : Тешко управувајќи ја колата те оставив на почетокот од твојата улица. Со мака стасав дома.Од како жена ми на секаков начин ме истретира и отиде до кујната да ми свари чај од камилица, тогаш заѕвони телефонот. За среќа телефонот беше до мене. Аааах! Јас ќе се јавам. (*Ја крава слушалката.)*

ЖЕНА : *(Со сменет глас)* Ало. Се јавувам од една филмска продукција. Сценаристот.

МАЖ : (*Како да стенка*) Јас сум повелете.

ЖЕНА : Ти ли си душичке? Како си?

МАЖ : Многу лошо. Значи тој филм нема да се снима. Аааах.

ЖЕНА : Добро се снаоѓаш. Одговори ми со да или не. Во ред?

МАЖ : Да.

ЖЕНА : Можеш ли да одиш?

МАЖ : Не...

ЖЕНА : Како си сега? Лошо ли ти е?

МАЖ : Да. Но филмот треба да се сними. Аааах! Да малку не ми е добро. Но се надевам дека утре наутро ќе можам да станам. Тогаш ќе можеме да се видиме за деталите. Да се смени режисерот. Навистина нашиов филм бидна како на филм.

ЖЕНА : Чувај се сакан мој.

МАЖ : Благодарам за вашето внимание. Вие сега дали сте во канцеларија?

ЖЕНА : Браво добро се снаоѓаш. Веќе сум дома. Ти не се грижи за мене. Би сакала да сум покрај тебе.

МАЖ : Со ова сценарија не е можно. Камо да беше можно. И јас би сакал на таков начин да се сними. Но што можеме. Те молам, може ли за ова утре да позборуваме?

ЖЕНА : Може. Цмок, цмок.
МАЖ : Како што рековте.
ЖЕНА : Цмок, цмок, цмок.
(*Мажот ја спушта слушалката.)*
МАЖ : Колку многу ме сака. Не ѝ е сè едно кога не сум арен.
Следниот ден, иако малку нанапред подвиткан, отидов на работа. А
моите обврски на работа ги завршував иако ми беше тешко. Но оваа
моја состојба сепак беше продуктивна. Телефонот повторно почна
да ѕвони како порано.
ЖЕНА : (*Бира на телефонот*) Ало.
МАЖ : Ало.
ЖЕНА : Повторно јас. Ако сакаш да се видиме?
МАЖ : Секако дека сакам. Ти благодарам што имаше рзбирање. Ааааx!
ЖЕНА : Не сакам повеќе да те загрижувам.
МАЖ : Од сега натаму секогаш биди ваква, може ли? Аaaх.
ЖЕНА : Имаш ли болки?
МАЖ : Не сакам да те загрижувам. Те молам не ме прашувај вакви работи.
ЖЕНА : Добро миличок. Нема да те прашувам.
МАЖ : Како некој Анѓел од жена да дошла на местото од онаа остра жена што беше предходно.
ЖЕНА : Ајде повеќе да не те заморувам.
МАЖ : Ти благодарам што ме побара.
ЖЕНА : Цмок, цмок.
МАЖ : Цмок. Ааааx! Цмок.
(*Ги спуштаат слушалките.*)
МАЖ : Тој ден бев и на доктор. Го снимивме филмот. Добив инекција и ми
рекоа дека на оваа возраст не смеам да дигам тешки нешта. Ми
дадоа и нешто против болки. Таа вечер спиев на подот. Наутро кога
се рабудив веќе не ми беше ништо. Радосен отидов на работа.
Повторно ме бараше.
ЖЕНА : Добар ден најубав човеку на светот.
МАЖ : Добар ден.
ЖЕНА : Како си денес ?
МАЖ : Порано имав гледано еден стар американски филм. Главниот јунак

во филмот, за да го задржи вниманието на жената, сам си ја скрши ногата. И јас исто како и тој треба да си ја користам ситуацијава.

ЖЕНА : Те прашав како си. Ако не си во ред нешто, да не зборуваме.

МАЖ : Не, не, во ред сум. Ам не ми е добро. Да не останам вака сакат, љубов моја? Болките сѐ повеќе ми се зголемуваат. Ако останам парализиран?

ЖЕНА : Не мисли на такви нешта. Брзо ќе ти помине.

МАЖ : Ме смируваш, но ако не ми помине?

ЖЕНА : Цел живот ќе се грижам за тебе љубен мој. Слушај да ти кажам една смешна ситуација. Еден човек сака да ме венча.

МАЖ : Aaaax! Кој тоа?

ЖЕНА : Две години е постар од мене. Има и автомобил, и куќа има. Нема ни татко ни мајка.

МАЖ : Без корени значи. Aaax! Те познавал ли од порано?

ЖЕНА : Не душо. Живее од спротива. Ме посматрал додека влегувам, и излегувам од дома.

МАЖ : Добро е што не ме видел мене заедно со тебе.

ЖЕНА : Каква врска има тоа? Синојќа одненадеж дојде. На моите многу им се допадна.

МАЖ : Aaaaax! Aaaaax! А тебе? Aaaax!..

ЖЕНА : Па многу е убав. Има и добра работа.

МАЖ : Aaaaax! Да не го испуштиш. Aaaaax!

ЖЕНА : Неприметно го овлеков на страна. И му реков: Види ти си човек како лав. Не си го губи времето со мене. Јас се забавувам со еден.

МАЖ : Ooooox...

ЖЕНА : Добро му реков нели ?

МАЖ : Јас сум ти за забава?

ЖЕНА : Можно ли е такво нешто? Ти не си ми моја забава ти си ми сѐ. Намерно го употребив зборот забава за да помисли дека сум некоја несериозна. Ме разбираш? Да не та заморувам повеќе. Цмок, цмок...

МАЖ : Цмок... aaaax... цмок.

(*Ги спуштаат слушалките.*)

МАЖ : На работното место нормално на нозе си стоев кога слушнав чекори. Тие чекори не беа туѓи. Веднаш сватив дека се твои.

(*Мажот со сѐ документите се фрла на подот. Жената со еден букет, смеејќи се влегува внатре.)*

ЖЕНА : Каде си? Јас дојдооооов!..

МАЖ : (*Долу се ппревиткува како да има силни болки*) Убаво што дојде. Фати ме за рака и помогни ми да станам,.

ЖЕНА : Штосе случи? Како падна доле?

МАЖ : Требаше да ги земам документиве. И веднаш се најдов доле. Аааах! (*Жената го фака за рака, со тежок напор го станува... Мажот седнува на столица.)*

МАЖ : Помина. Ах! Помина, Не се грижи.

ЖЕНА : Како да не се грижам?

МАЖ : (*Се однесува како да ја крие болката*) Па и цвеќе си ми донела.

ЖЕНА : Бидејќи не можев да ти дојдам дома се одлучив тука да ти дојдам.

МАЖ : Многу си внимателна, ти благодарам. Сакаш ли да се напиеме чај?

ЖЕНА : Да се напиеме.

МАЖ : (*Од местото вика)* Господине Махмуууут. Каде ли е овој човек?

ЖЕНА : Кој е тој?

МАЖ : Мојот вратар. Треба да стои пред варатата... (*Се лути)* Туку ќе му текне и ќе си замине! (*Заборавајќи станува на нозе. Нормално се движи. Отварајќи ја вратата вика.*) Каде си господине Махмут.
Донеси два чаја.
(*Жената со зчуденост го гледа мажот. Мажот свакá дека погрешил. Под лутите погледи на жената тој превиткувајќи се оди до своето место.*)

МАЖ : Аааах. Понекогаш се заборавам. Но после уште повеќе ме заболува. Исто како сега. Аааах!

ЖЕНА : Стани. Ти велам стани на нозе.

МАЖ : (*Мажот сака од стане,тешко станува на нозе)* Што се случи?

ЖЕНА : Ајде оди. Оди ти велам. Оди кон вратата.

МАЖ : Многу ме боли.

ЖЕНА : А пред малку не те болеше?

МАЖ : Не раззбирам што сакаш да кажеш. Ааах!

ЖЕНА : Разбираш. Ти си еден лажго. Ти си еден ништожник што ми ги злоупотреби миоте чуства кон твојата наводана болка. Безсрамник.

МАЖ : Ама многу грешиш.

ЖЕНА : Исправи се.

МАЖ : (*Се исправа*) Ама сакам да ти објаснам. Еве повторно имам болка!
Аааах.

ЖЕНА : Кога ти помина? Кажи ми искрено.

МАЖ : Боже, Боже. Навистина можам да одам. Ми поминало. Поминало... (*Мажот се шетка низ просторијата со разниразни движења.*) Не ми се верува.

ЖЕНА : Не се преправај туку кажи ми ја вистината. Каква потреба имаше за вакво нешто? Кажувај!

МАЖ : Разбери ме. Не сакам да те загубам.

ЖЕНА : Може ли ова вака да продолжи? Сè ти се потпира на лаги. Повеќе вака не може.

МАЖ : (*Му потекуваат неколку солзи)* Не разбираш ли дека те сакам? Не ли гледаш дека лавовски се борам за да не те загубам?

ЖЕНА : Јас за тебе се жртвувам. Сите околу мене ме обвинуваат. И покрај жена ти, ќерка ти, шурата твој, за инат ја продолжувам оваа врска. Зошто? Зарем си ти единствениот маж на овој свет? А ти што правиш? Еднаш неделно се гледаш со мене помеѓу четри зида и одкако ќе си ја завршиш работата ме оставаш пред мојот дом. Како искористена салфетка. Додека ти мирно си спиеш во прегратката на твојата жена се прашуваш ли воопшто како јас ги дочекувам утрата? Знаеш ли со какви кошмари се будам од моите половични спиења? Повеќе не ти верувам. Правиш да ги доживувам сите болки на втора жена. Плус тоа не се откажуваш да трчаш по сите жени со голи нозе.
(Б*рзо излегува.*)

МАЖ : Си замина. Толку одлучна не бев те видел до тогаш. За прв пат тој ден па и понатака почнав да чуствувам дека нешто од внатре како да ми се откина, срцето да ми венее. Значи не сум знаел што значи љубов. Како млад набрзина се оженив, потоа колку за да се каже имав брзи и кратки врски со повеќе жени. Велат дека кога човек е вљубен ниту јаде ниту пие. Но тоа кај мене беше обратно. Што и да

најдев јадев. Но што и да правев ти никако не се одвојуваше од мене. На масата. На улица. На моето работно место. Дома. Дури и песните што беа за љубов мене ме тераа во спротивен правец. Ова ли беше љубов господе? Само на неа ли треба да мислам? Со вртоглавица ли требаше да ги запомнам нејзините мали постапки? Непотребните препирки за кои тогаш сметав дека се потребни сега со симпатија ли треба да ги евоцирам? Ја разбрав виситината. Не можев без тебе да живеам...

(*Мажот бира на телефонот.*)

ЖЕНА : (*Женат ја крева слушалката)* Ало.

МАЖ : Здраво.

ЖЕНА : (*Кисело*) Здраво.

МАЖ : (*Ја спушта слушалката)* Неможам да живеам без тебе.

ЖЕНА : За тоа азборувавме по телефон.

МАЖ : Остави го сега телефонот. (*Оди и ја зема слушлката од раката на жената и ја спушта. Ја фаќа за рака и ја донесува*) Во ред. Ајде да

заборуваме. Да ги прескокнеме сите нешта што беа помеѓу.

ЖЕНА : Да зборуваме.

МАЖ : Да заврши оваа неразбирлива разделба.

ЖЕНА : Да заврши но тоа зависи од тебе.

МАЖ : Кажи. Што сакаш од мене?

ЖЕНА : Од тебе сакам само едно нешто. Само вистината и само вистината да ми ја кажуваш.

МАЖ : Ти ветувам. Одсега само вистината ќе ти ја кажувам.Но и ти ќе ја кажуваш вистината.

ЖЕНА : Ако те уловам макар и за една лага, така ќе се разделиме што повеќе нема да има шанси за повторно да бидеме заедно. Ме разбра?

МАЖ : Те разбрав. Но воопшто нема да ми се лутиш. Ќе ме прифатиш како

што се прифаќа другар.

ЖЕНА : (*Задоволна и срекна е)* Ете толку. Еве ќе видиш, како сè ќе се среди.

Сега јас прво да ти кажам една вистина. Памтиш дека од тебе земав

некои пари. (*Силно се смее)* Лажни медисцински наоди направив.

Занеш ли зошто не ти ги вратив тие пари?

МАЖ : (*Се смее со солзи)* Зошто?

ЖЕНА : Бидејќи. Бидејќи. Случувањата за твојот роден ден. Кога ти бев лута. (*Се смее со солзи*) Разбираш нели?

МАЖ : (*На ист начин)* Добро, што направи со парите?

ЖЕНА : Еден дел ѝ дадов на гатачката. Со остатокот си купив чизми и една ташна... А ти дома како го објасни долгот од шурата?

МАЖ : Раков дека ми го украле паричникот. Ми отиде платата, реков... (*Продолжуваат со смеењето.*)

ЖЕНА : Сега ти си на ред.

МАЖ : Јас ли?

ЖЕНА : Да ти си. Ајде раскажи ми.

МАЖ : Што да ти раскажам?

ЖЕНА : Ова е толку точно што... Што да ми раскажеш? Тоа. Твоите неверства кон мене. Види колку добри другари стануваме. Ајде.

МАЖ : Тоа беше после нашата прва средба. Имаше една која долго време ми се допаѓаше.

ЖЕНА : Иииии?

МАЖ : Тап падна. Во мојата прегратка. Ја однесов дома...

ЖЕНА : Колку е забавно. Потоа?

МАЖ : Јадевме пиевме. Легнавме доле.

ЖЕНА : Ииии?

(*Оденаш продолжуваат лудо да се смеат.)*

МАЖ : Неможев ништо да направам... Од внатре не ми доаѓаше.

ЖЕНА : Колку убаво. Друго?

МАЖ : Нели ти реков дека шурата мој е главен мафијаш... Знаеше ли дека лажам?

ЖЕНА : Како да не знаев? Изнудувачот ми го претстави како главен мафијаш...

МАЖ : Мојот не е ниту изнудувач... Тој е оптшински полициски службеник...

ЖЕНА : Леле, не ми се верува... (*Се смее како луда.)* Ове е неверојатно!

МАЖ : (*Се смее како луд*) Неверојатно е...? А што ќе речеш сега за ова што ќе ти го кажам?

ЖЕНА : Што тоа? Нестрплива сум, брзо кажувај!

МАЖ : Но нема да се налутиш.

ЖЕНА : *(Смеејќи се*) Зошто да се лутам? Како што ја покажуваш твојата искреност повеќе те сакам... Ајде кажи!

МАЖ : Но ти не ги сакаш мажите што си ја фарбаат косата.
ЖЕНА : Даааааа...
МАЖ : Ако ми ветиш дека нема да се налутиш ќе ти откријам една голема тајна...
ЖЕНА : (*Обидувајќи се да разбере*) Каква врска можеш ти да имаш со бојата сакан мој?
МАЖ : Имам, имам... Застани цврсто, миличка мојата коса е фарбана...
ЖЕНА : (*Навистина е збунета.*) Не можеш да ме увериш во такво нешто..
МАЖ : Љубена моја, косата ми е фарбана...
ЖЕНА : Но твојата коса на некои места е седа... Залистоците...
МАЖ : Ете, Во тоа е тајната... Всушност мојата коса е сосема црна... За да им бидам посимпатичен на младите девојки јас по малку ја фарбам косата... И така изгледам како зрел маж..
(Жената *навистина е збунета)*
МАЖ : Се колнам ја зборувам вистината... Гледаш како те збунуваат некои вистини... Секогаш е така... Ако сакаш да се откажеме од кажувањето на виситините...
ЖЕНА : Не, не! Но навистина ме збуни... Да продолжиме... Раскажи ми за твоите врски! Ајде!
МАЖ : Еднаш ме побара една моја бивша...
ЖЕНА : Многу е забавно. Ииии?
МАЖ : Знаеш овие бившите никако да ти се откачат од вратот. Отидов кај неа. Јадевме пиевме.
ЖЕНА : Не за јадењето и пиењето туку за тоа што правеше. Кажувај. Ииии?
МАЖ : После тебе. Тоа немаше никаков повратен ефект кај мене. Излегов и си заминав дома.
ЖЕНА : Леле колку убаво. Потоа?
МАЖ : Еднаш кога бевме разделени ти и јас. Ми беше мерак да дознаам дали ќе можам без тебе.
ЖЕНА : Само од мерак?
МАЖ : Да. Всушност човекот си пати или од мерак или... пак од мерак му се случуваат сите нешта. Ме разбираш нели?
ЖЕНА : Како да не те разбирам? И со таа ли не бидна ништо?

МАЖ : Не бидна не бидна.
ЖЕНА : Кажи ми за нешто што биднало.
МАЖ : Но и тоа не се брои бидејќи таа ми беше жена. Жена ми беше...
ЖЕНА : (*Не ја менува состојбата*) Иииии?
МАЖ : Вечерта кога те чеакав под стреата... И кога си отидов дома така возбудена ме пречека.
ЖЕНА : Ииии?
МАЖ : Така ме одвлечка до постелата.
ЖЕНА : Иииии?
МАЖ : Во еден момент не можев да сватам што се случува... Но таа вечер не треба да ја броиме. Без тоа ми беше жена.
ЖЕНА : Значи бидна.
МАЖ : Остај што бидна, таа дури и затрудне. Но овој пат навистина морав да побарам некој доктор за киретажа.
ЖЕНА : Убаво. Друга?
МАЖ : Со друга не бидна верувај ми.
ЖЕНА : Види колку убаво сè ми раскажа. Па како можеше и други да имаш? Па и јас постоев во сето тоа. Жити сè како можеш да одвоиш време за сето тоа? Која е тајната? Од една стран ти си вработен. А и пишувањето не треба да се заборави.
МАЖ : Ееее... тоа е мојата работа.
(*Жената веднаш прекинува со смеењето. И мажот штом гледа дека таа се воозбилила веднаш престанува да се смее. Жената повторно со смешкање се приближува до мажот, потоа со едно лице на избезуменост го удира мажот.*)
ЖЕНА : Безобразно куче!
МАЖ : Нели ќе ја кажувавме вистината?
ЖЕНА : Еве јас вака го терам човака да ја каже вистината. Куче едно. (*Ги става двете столици една до друга*) Оваа работа веќе заврши...
МАЖ : (*Кон гледачите*) Добро е што не ѝ кажав и за другите. Во спротивно ќе ме убише?
(*Мажот и жената седат како што на почеток гледаа пртетстава. Затемнување. Веднаш се осветлува. Жената и мажот аплаудирааат на завршената щретстава.*)
ЖЕНА : (*Станува*) Убава беше претставата.
МАЖ : (*Станува*) Како од животот беше.
ЖЕНА : (*Ја подава ракатa*) Мило ми е што се запознавме.

МАЖ : И мене.
ЖЕНА : Останете со здравје.
МАЖ : Пријатно. (*Мажот ја гледа како заминува.*)
ЖЕНА : (*Излегувајќи застанува)* Колку симпатичен маж. (*Излегува.*)
МАЖ : Многу убава жена (*Ја зема ташната. Ташната е на жената. Радосно трча по неа*) Еден момент! Еден момент (*Светлата полека полека се фокусираат на Матрушката.)*

# **Крај**

09 – 08 – 1994, Истанбул

Превод

28 – 01 – 2018 Скопје